СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шестото продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 февруари 1994 година

Скопје, февруари 1994 година

**ДИСКУТАНТИ ОД VI-ТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 70-та ССЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 16.II.1994 година**


1. АЛИТИ АБДУРАХМАН - стр.1
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 12, 45
3. АНАСТАСОВСКИ КИТКО - 15, 90
4. АБДИ ФАИК - 21
5. АЛИУ ХАМИТ - 27
6. АРСОВСКИ БРАНКО - 49, 51
7. АНДОВ СТОЈАН - 83 (заклучок)
8. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 53, 54
9. КОТЕВСКИ ШОРЃИ – 56
10. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 34
11. ЛИЧОСКИ ВЕИКО-13
12. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 28, 34
13. ПОПОВСКИ КИРО - 45, 49
14. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 67
15. ПЕТРОВ ТОДОР - 76
16. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 25
17. РАХИМИ ШУКРИ - 55
18. СПИРОВСКИ АЦО - 63, 67
19. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 5, 9
20. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 69, 75
21. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 59, 60
22. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 11, 12, 60
23. ЏЕМАЛИ ВЕБИ - 42


Дневен ред: Предлог за донесување закон за попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во 1994 година

с е д н и ц а т а   п р о д о л ж у в а

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шестото продолжение на 70-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 16 февруари 1994 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците: Џулистана Марковска, Александар Флоровски, Благоја Чкатровски, Јордан Бошков ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат ан седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пртеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за попис на населението, домаќинствата становите и земјоделските стопанства во 1994 година.

Подвлекувам дека оваа всушност е петти ден како расправаме по овој предлог за донесување на закон. Затоа апелиран кон пратениците кои досега еднаш или повеќе пати зборувале, ако може да не се јавуваат за збор повторно и тие кога ќе се јават за збор да зборуваат само за потребата за донесување, дали се за или не и најтесна аргументација затоа, не за некои општи расправи сосема надвор од законот или пак за текстот на законот кој дополнително ќе биде на расправа.

Дали некој бара збор?

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитувани пратеници јас за прв пат се јавувам за збор. Ќе се обидам да се придржувам кон она што претседателот го рече, меѓу тоа не во целост затоа што тука беа искажани многу мислења кои немаа

ништо заедничко со законот па чувствувам потреба дека и на тие неколку искажувања треба да се осврнат.

Најнапред да кажам дека го поддржувам предлогот за донесување на закон за попис од причина што попи^ во Република Македонија не е извршен. Тие што тврдат дека Република Македонија има направено попис, веројатно мислат на пописот од 1991 година, а тоа е попис на Социјалистичка Република Македонија, кога Македонија не беше конституирана како самостојна држава со признати меѓународни граници и тој попис меѓународно не може да биде попис на државата, туку попис на една членка на една федерација. Но, тука се тврдеше дека пописот се врши заради тоа што тоа го бараат албанците. Јас сум должен да кажам дека тоа е погрешно тврдење затоа што пописот не им е потребен на албанците туку пописот е потребен на Република Македонија. Што се однесува до Албанците попис и не треба да има. Ако за ништо друго барем ќе бидат слободни да тврдат дека ги има толку колку што во моментот ќе сакаат да ги има. Тука не гледам ништо спорно.

Во текот на расправата имаше многу тврдења дека ова е суверена држава, дека наодите и мислењата на експертската група по ова прашаше не се битни и не мора да ги почитуваме итн., што во некоја рака може да биде и прифатливо. Меѓутоа, јас би ве потсетил дека немаме ист аршин при употребата на вредносните критериуми.

Ќе ве потсетам исто така дека од оваа говорница неколку пати односно многу пати ние како пратеници и како носители на политички функции се повикувавме на извештајот на Бадинтеровата комисија и кажавме дека тоа што меѓународни експерти ќе го тврдат и ќе го утврдат тоа е сосема така и тоа треба да се почитува. Од прилика е така. Меѓутоа, зошто сега кога наодите на меѓународните експерти не ни одговараат, не е по наша мерка, ние пак наоѓаме други причини за да испоруваме тие наоди на меѓународните експерти. Мислев дека проблемот не е кај меѓународните експерти, туку проблемот по се

изгледа е  кај нас. Или земете го примерот на пишувањето на весниците во Република Македонија околу извештајот на Хелсинк. Многу новинари меѓу кои и еден мој добар пријател ги караше составувачите на извештајот дека се пристрасни во оценките, дека недоволно добро ја познаваат состојбата во Македонија, дека состојбите не се такви итн. Но, не успеав да пронајдам некој напис кој ќе каже само критично дека одделни состојби во областите што се опфатени со извештајот на Хелсинки се навистина такви какви се опишани во тој извештај и дека поради тоа е потребно да се менува и нашиот односно кон тие состојби, а не да г натераме другите, во овој случај меѓународните организации да мислат како што мислиме ние.

По повод расправата за предлогот за донесување на закон беа тука искажани многу интересни констатации. Едната од нив беше дека не треба да се пребројуваме колективно, дека ние градиме правна држава, градиме граѓанска демократија, градиме општество на рамно- правни граѓани. Двајца или троица дискутанти тоа така го рекоа. Јас тоа многу го почитувам затоа што тоа е добро и за око и за уво, меѓутоа ние забораваме дека сме далеку и од правната дражва, далеку сме од граѓанската демократија. и далеку сме од општеството на рамно- правни граѓани. Ако кон ова се додаде и степенот на нашата политичка култура, степенот на развојот на демократијата казна и присутните национал-шпвинизми во нашите глави, ни станува сосема јасно дека освен залагањето за правата и слободите на поединците, во оваа фаза од развојот ќе мораме да се залагаме и за остварување на некои колективни права кои поинаку не можат да се остваруваат, затоа што не сме создале услови за нивно остварување.

Јас би бил многу среќен кога положбата на поединецот би зависела од способностите и личните својства на човекот, на поединецот на граѓанинот и тоа би било сосема во ред. Тоа според мене би бил полн

капацитет на тоа што е демократија. Меѓутоа мора да признаеме дека во многу случаеви положбата на човекот кај нас, неговото место во социјалната па ако сакате и во државната хиерархија не зависи од неговите лични својства и од неговите способности. Значи таа положба не се засновува во граѓанското кај човекот туку кај неговата национална припадност. Немојте тие априори да ги отфрлувате барањата и залагањата за создавање на механизми кои ќе обезбедат и заштита на колективните права, на националните права, затоа што ние такви механизми немаме. Јас можам од практиката да ви наведам многу примери бидејќи јас* сретнав со многу примери со кое тоа може и да се докаже.

Јас сум убеден дека, на пример, пример број 1, во Тетово има правници кои и според способностите може да бидат на чело на некој да речеме правосуден орган. Меѓутоа, токму поради нивната национална припадност тој не може да биде ни претседател на општински суд , ни претседател на суд за прекршоци ни јавен обвинител, ни јавен право-бранител итн. Или земете го на пример случајот во ХЕК "Југохром" од 40 дипломирани инженери ниту еден нема на раководно место. Не верувам дека од ти 40 не може да се најде барем 1 или 2 кои ќе бидат способни за некој а раководна функција итн. Оттука, не мојте со толку голем а одбојност да се однесуваме кога си спомнуваат механизми со заштита на колективните права затоа што е тоа потреба на нашето време, тоа е наша потреба, тоа е заедничка потреба.

Исто така, многу често кога разговараме за оваа тема, а ние на оваа тема разговараме секогаш кога ќе ни се создаде една таква прилика, ние сме склони да тврдиме дека еве колективните права може или пак како што одделни пратеници имаат обичај да кажат на Албанците ќе им дадеме толку права колку што се предвидени со меѓународните стандарди, со меѓународните конвенции, декларации итн.

Јас оваа прилика сакам да ја искористам и да искажам еден јасен став по ова прашање, барем што се однесува до албанците.

Ние политичка партија не сме формирале заради остварување на квантумот на правата определени со меѓународни конвенции и договори, со Хелсиншката декларација или со Париската повелба. гсcподо, ние тука се залагаме за потполна рамноправност. Инаку, кога би бил во прашање остварување на правата предвидени со меѓународните документи јас лично не би бил член на ниту една политичка партија затоа што таа работа може да се заврши на поинаков начин. Имено, ќе седнат 10 или 15 души ќе напишат една петиција, ќе ја достават до некоја меѓународна организација, ќе се жалат на својата положба, ќе дојде некој експерт, дали тоа ќе биде и високиот комесаријат за малцинства или не знам од каде, ќе ја испектира работата, ќе даде свој налог и ќе си замине. Значи за оваа работа, за остварување на тој корпус на права не е потребно посебно политичко организирање. Барем јас се уште така сум убеден.

Ќе завршам со следното.

Некој тука рече дека со новиот попис ние ги казнуваме луѓето што беа послушни и излегоа на попис, а ги наградуваме тие што не излегоа на попис. Јас мислам дека новиот попис нема ниту да казни ниту да наградува никого. Тоа нема да биде победа или пораз нечиј туку ќе биде едноставно победа на нашето демократско освестува бидејќи тоа ни е најмногу потребно.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани патеници често пати во овој тајминг така да го наречам меѓу продолженијата на оваа седница слушавме од средствата за јавно информирање, односно читавме во поедини весници дека ова прашање за пописот не некој начин се политизира.

I/6.-

Точно е тоа дека пописот е една статистичка операција, меѓутоа мора да се потсетиме дека овој парламент го сочинуваат пратеници кои се политички определени односно имаат добиено политички мандат од своите избирачи па затоа оваа говорница овде ја сметам за највисока политичка трибина во Република Македонија од каде политичките погледи за одредени прашања може да се изнесуваат. Во тој контекст тоа прашања треба да го расчистиме бидејќи често пати слушаме, се политизира во Собранието. Па Собранието е точно политички орган и затоа во Собранието ќе се води политика. Подобро е да се води политика во Собранието отколку како што често велите на улица затоа што раѓаните ќе не следат. Некој ќе не оправдува, некој ќе не негира, за некој ќе бидеме прифатливи, за некого нема да бидеме, меѓутоа, своите политички опции од оваа говорница ќе ги кажуваме по сите прашања, така и по ова прашање односно оваа статистичка операција многу битна за државата како што е пописот.

Овде се напомна што е тоа суверена дражва. Јас ќе ви кажам дека вакви наметнати пописи верувајте на ниедна суверена држава никаква експертска група не може да и наметне.. ако таа држава се чувствува дека е суверена, води една независна политика и внатре и надвор затоа со сиот почит кон таа експертска група која е составена од стручњак за попис, од членки на Европската унија, меѓутоа, таа експертска група лично јас би ја прашал, со сета почит велам, што ќе се случи ако некој од Република Македонија односно некоја политичка сила, да речеме ако има некој француски во таа експертска група, тој ги запраша на кој начин вие го спроведувате пописот односно по- писите, на колку години, дали некој може да ги наметне и да ви услов попис во вашава држава, како што е една Франција или една Англија, Германија итн., без разлика што се сака да ни се наметне една поли- тика дека се што доаѓа од надвор се е добро. Ние имаме своја специфика затоа сме Република Македонија,

затоа имаме македонска нација овде, затоа имаме малцинства, затоа имаме држава на крајот на краиштата. Ако немавме свои специфики, па и во однос на спроведувањето на попи- сот сигурно ќе бевме една Европска дражва, да речам итн.

Инаку, овде често пати, се спомнуваат албанците. Точно, албанците го бојкотираа тој попис од 1991 година. Тој бојкот е токму една политичка проценка на водачите на албанците односно нивните политички партии. Политичка проценка и нивно настојување да не се излезе на тој попис. Зошто? Поради онаа чиста манипулација да се спомнува пред тие европски фактори дека нема толку, има малку итн. Тоа е исто едно политичко прашање. Значи,да се држи во тензија Република Македонија е во фаза на меѓународно признавање односно со уцени и закани да се добиваат одредени прашања по однос па прашашето за неучество на пописот.

Јас би се запрашал овде, слушнавме дека одредени пратеници од албанските политички партии се залагаат да има попис. Меѓутоа, јас чисто политички би се запрашал дали тие со најновите настани во нивна та партија имаат политички мандат да тврдат дека сме за попис Дали утре нема да ни се случи и на овој вонреден попис, ако го донесеме овој закон во втората фаза, дали нема да ни се случи да имаме повторен бојкот од таа неподдршка на поголемиот дел од пратениците на ПДП кои имаат добиено мандат за ова Собрание, меѓутоа дали ќе имаат мандат сега да одлучат дали да има попис или да нема попис. Тоа е второ прашање и за мене е многу битно прашање бидејќи очигледно е дека поедини пратеници или министри во Владата на РМ кои се албанци чистоој лични позиции, кариеристички за лично богатење итн., настојуваат да се прикажат како добри соработници на актуелната власт. Тоа е факт, тоа е вистина. Тоа јас впрочем и да не го тврдам тоа го тврдат вашите гласачи.

I/8.-

Точно е и тоа дека секој граѓанин во оваа држава како поединец е еднаков пред уставот и законите на оваа држава. Тоа е неоспорно и тоа е основа на граѓанската демократија. Меѓутоа, заканување со така наречени права за некои национални колективитети токму го девалвира ова прашање на таа граѓанска демократија односно прашањето на поединецот во државата и неговите права слободи и нови обврски. Во овој случај во 1991 година без разлика дали било уредувањето социјалистички итн.,имавме права, слободи но и обврски за граѓани. Но, за жал поголемиот дел од албанците кон обврските не одговорија, а другите граѓани во оваа Република одговорија на своите обврски односно се попишаа.

Се постави прашањето казнување и награда за тие што во 1991 година не излегле односно излегле на пописот. Токму суверноста на државата, правната дражва се дефинира со тоа дали, ако некој не си ги исполни обврските кон таа дражва ќе сноси одредени последици. Во овој случај тоа е казниво дело. Имаме прекршок за неодговарање на одредени обврски. За жал актуелнава власт тие прекршочни пријави не ги актуализира односно влијаеше во судската власт која вели дека таа актуелна власт е независна судска власт. Затоа ќе ви кажам дека сум скептичен во однос на тоа дали судската власт во оваа дражва е независна или зависна затоа што имавме 40 илјади пријави поднесени од заводот за статистика кои не беа актуализирани односно некој од актуелната власт ги попречи тие да не се актуализираат во судовите.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Се повтори овде, за заштита на колективните права се има правото да се создадат механизми. Ќе ве молам тоа потполно излегува од концептот што вие цело време тврдите од позицијата дека сте за граѓанска држава, за почитување на правата на поединецот на секој граѓанин, правата и слободите и неговите обврски. Затоа што создавање механизми за заштита на колективните права е токму воинституционално, токму создава предуслови за создавање на услови за федералкнсција или ако сакате и кантонизација, што е исто така еден виде на федерализација, но таа држава што е директно спротивно на Уставот на оваа држава на РМ е и така се квалификува како антиуставно дејствување во однос на уставниот поредок на оваа држава. Такви инсинуации од оваа говорница често слушаме, ги слушнавме пред малку дека колективитетите во РМ имаат право, сопствено право д создаваат одредени механизми, а тие одредени механизми се токму она што се случи, создавање сеалбанска паравојска, значи тие бараат оправдување за создавање на сеалбанска паравојска која директно работење на рушење на уставниот поредок со насилни средства. Не се работи за политички средства, за политичка борба, туку со масивни средства, со средства кои не се својствени како што велите на демократијата, а се одредувате дека сте демократи. Меѓутоа, ќе повторам, целата таа игра, затоа за мене условно кажано овие се умерени, овие се радикали, извинете ќе ви кажам, дали една цел ако ви е иста крајната цел е таква или таква, за мене не е битно, меѓутоа крајната цел мене ме загрижува како македонец, како граѓанин на оваа македонска држава, загрижен за опстанокот на оваа македонска држава, ме загрижува таквото дејствување, односно нереагирањето на вашите коалициони партнери од СДСМ, Либералната партија, Социјалистичката партија. Тоа ме загрижува повеќе отколку вашето дејствување, тоа е една тотална би

рекол зачауреност на тие партии, односно на пратениците од тие партии и во однос на власта затоа што тоа е директен заговор кон оваа држава. Највисоката актуелна власт дозволува овде да се споменуваат, односно и да се прават такви механизми за заштита на колективните права како што велите на поедини колективитети во овој случај вие самите кажавте на албанскиот колективитет.

Правата на малцинствата се дефинирани во меѓународните документи. Тоа. се основни рамки каде што државите на некој начин кој што се потписнички на тие меѓународни документи се обврзани да ги уредуваат правата на националните малцинства во однос на почитување на нивниот културен, образовен и така натаму идентитет, тоа е основно, генерално право. Меѓутоа, јас би се запрашал зошто често пати ја спомнуваме таа Европа, дали една Франција, да речеме, или една Велика Британија, или да ја земеме една Шпанија, Грција ни е најсвеж пример, па и Албанија да ја земеме, дали иако се тие потписнички на тие документи, дали ги почитуваат тие правата на националните малцинства како што ги почитува РМ. Ве уверувам дека од РМ како што ги почитува правата ниту една од тие држави без разлика колку да се декларираат дека се демократски не ги почитуваат правата како што ги почитува РМ. Тука е вашето дејствување, односно во тој кон- текст би требало да биде вашето дејствување, насочување на вашето политичко дејствување, не сакам да ви се правам советник, меѓутоа мора некои работи да ги разјасниме меѓу себе затоа што ќе бидам радосен кога ќе слушнам дека Албанците, албанските претставници во овој највисок дом, ќе кажам политички на РМ се залагаат за правата на Македонците во Република Албанија, па и во Република Грција, па и во Република Бугарија и во СР Југославија. Тогаш ќе сфатам дека можеме на некој начин да дискутираме на една рамноправна основа,

без уцени, без закани, односно ќе мислам дека вие како претставници на Албанците со добиен политички мандат и мислите добро на оваа држава РМ, а не и работите нешто зад грб. Затоа често пати, ќе повторам, многу Албанци ме среќаваат и се загрижени за некој начин за односот затоа што знаат, да речеме имаат пријатели меѓу Македонците како се живеело, меѓутоа сега вели токму тоа, тие го сфаќаат потполно тоа и велат камо и тие Македонци таму во Република Албанија да имаат права како што имаме ние. Велат такви работи сум слушал и тоа е за поздравување од страна на тие Албанци, пред се, меѓу- тоа така треба да мислат и нивните политичари претставници во ова највисоко политичко тело односно кога изговараат зборови во оваа на висока политичка трибина, треба во тој однос нивните дискусии да бидат во тој однос, а не заканување со некои колективни права, употреба на механизми за заштита на тие колективни права, а до каде ќе не однесе тоа.

Благодарам.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници,. прво должам една искрена благодарност на познатиот чаучник по меѓународно право и неговите добри лекции што ни ги даваше тука, со една напомена дека Собранието на РМ (реакција на некои од пратениците во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Собранието на РМ не е највисока политичка трибина туку највисок законодавен орган и треба тие разлики како ценет правник да ги направи, а воопшто да не се загрижува за настаните во нашата партија затоа што

токму настаните во нашата партија покажаа колку силна и колку моќна е Партијата за демократски просперитет затоа што овие денови е во фокусот на интересирањето на највисоките светски дипломатски кругови. А, тоа што една друга партија, револуционерна партија веќе не постои, затоа што секој ден некои разграноци веќе поминуваат во други партии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам немојте меѓупартиски расправи.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Да, да и во секоја општина има по пет партии ВРМО со разни додавки, тоа е ваш проблем.

Не би сакал ништо повеќе да му кажам затоа што тој ги знае тие работи и воопшто таква памет не ни е потребна затоа што и не е корисно.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ако е можно без меѓупартиски препукувања, ајде да разговараме како законот да се донесе.

Има збор господин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Ставам процедурална забелешка по однос на тоа мислам дека треба да се држиме на она што сме се договориле порано, да не упаѓаме во вакви работи затоа што е познато дека не не водат на прав пат, кон она кон што стремиме, мислам заеднички.

Затоа мислам да го задржиме тоа како што се договоривме еднаш да дискутираме, како што се договоривме порано, и тоа да биде

II/5.-

ограничено, а не вака на овој начин затоа што некој очигледно сака да ја искористи оваа говорница тука за недобри работи, само за работи кои можат да му нанесат зло на народот во Македонија.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Господа пратеници, јас стриктно ќе се задржам на законот за попис, не сакам да дискутирам нешто надвор од него, туку директно ќе дискутирам околу него и во исто време ќе поставам неколку прашања кои за мене не се многу јасни.

Прво и основно, ние знаеме дека во светот попис се распишува само на 10 години дури и во најбогатите држави, на 10 години. Ние веројатно многу сме побогати од тие држави па треба да направиме друг попис кој што попис веројатно нашава држава ќе ја чини многу бидејќи знаеме дека на оној попис од 19 91 година барем во статистиката беше така кажано дека пописот негде е околу 10 милиони марки. Тоа значи дека е некаде околу 6-7 илјади долари. За нас Меѓународната заедница ни дава еден милион 515 илјади и 454 долари. Тоа значи дека негде околу 6 милиони долари треба да обезбеди оваа наша "богата држава". Според тоа, сметам дека овој попис кој што го бојкотираа одреден број на луѓе бидејќи од тие што бојкотот го вршеа,вршеа и други пописи, односно се попишуваа на пописот од 1991 година. Сметам дека тука би требало нешто да се разгледува и околу тоа да се види законот.

Бидејќи законот не е закон од. траен карактер туку закон од времен карактер, ќе биде само за овој попис, а за наредниот попис ќе има веројатно друг попис кој што ќе го донесе наредното собрание, односно наредниот парламент.

Бидејќи ми е јасно дека овој закон ќе биде изгласан вака како што е поставен, јас би сакал малку да се задржам во однос на неколку члена

II/6.-

кои што за мене се нејасни, односно кои што би требало да се дефинираат онака како што и јас претпоставувам дека треба да се дефинираат.

Во членот 4 точка 8 не е дефинирано како ќе се третираат дивите градби. Можеби во Скопје нема доволно диви градби, меѓутоа кај нас во Кичево, конкретно толку е дивата градба распространета што значи дека тие диви градби како ќе бидат попишувани и каде ќе бидат ставени во рубриката бидејќи таму. не е конкретизирано во членот 4 точка 8, каде ќе бидат ставени тие диви градби.

Во членот 9 доказ за сопственоста на земјиштето, ние знае ме дека во педесеттите години имаше таканаречено или тогашно турско население кое што се исели надвор односно отиде во Турција, а сопственици станаа разни луѓе кои што во тогашно време, барем јас колку што се сеќавам за да се замине во Турска ги даваа своите имоти само да ја добијат визата и да заминат во странство. Меѓутоа тапии за тие земјишта немаа и не поседуваа, затоа јас предлагам овде во овој член да се конкретизираат тие сопствености, значи сопственоста на земјиштето бидејќи таму, во тоа ќе биде попишано и тоа земјиште.

При обезбедувањето на материјалите кои што треба да се обезбедат во дијаспората, во дијаспората немаме конкретизирано во законот како ќе се извршат пописите. Дали тие ќе се извршат во нашите конзулати, дали ќе се извршат во црквите или во било кое место тоа треба да се каже и да се знае за да нема оговарања кои што беа на пописот во 19 91 година, бидејќи тогаш овие од дијаспората не беа во можност да се попишат дека тие се времено во странство.

Уште една работа, јас мислам таму каде што се вели дека пописот треба да се контролира, а контролата треба да се изврши само на оние места исклучиво каде што се смета дека тие места не се правилно

извршени, а неправилноста знаеме дека ќе биде сигурно по- голема него што треба да биде.

И на крајот, во членот 35 напишано е таму значителен број, сметам дека тој значителен број треба да биде даден во проценти. Колкав 6 тој значителен број? Значителен број можат да бидат и петина, а можат да бидат и 105. Значи, затоа би сугерирал во овој член 35 да биде ставено точно колкав ќе биде процентот, процентуалноста на застапеноста на тој значителен број.

Сполај му.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа.

Видете во каква ситуација влегува нашата држава. Нашата држава влегува во една многу тешка ситуација, затоа што јас неколку време не бев присутен во овој Парламент, меѓутоа слушав се што се случувало во Парламентот и ве гледав, на главата имав болки. Дали сме виновни ние за ова што сега ни се случува? Не сме ние виновни, виновни беа некои други кои порано си отидоа или работат некаде уште и ја доведоа државата кога веќе ние ја создадовме како независна држава и полека, полека светот не признава, не признава со сите атрибути кои ги има една држава. Па, размислував многу, размислував многу околу овој попис и размислив и за тој попис што беше порано во 19 91 година. Грешките секогаш ги сносат луѓето во средината во која живеат.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:** (Продолжение)

Грешките ги сносат луѓето доколку не постои закон. Ми се чини дека 1991 година не постоеше закон во оваа држава. Нормално, дојдоа овие аномалии во пописот од 1991 година. Ова е и многу потешко ми паѓа, многу потешко ми паѓа мене, најискрено ви велам кога слушам дека оваа империја македонска која брои таму неколку илјади квадратни километри, бидејќи другата е разграбена од грците, од бугарите, не знам од кого, води една борба во овој Парламент да ги изброи луѓето.

Јас, ако ве бројам вас пратениците, ако избројам по колку гласачи имате, плус 4% и го знам бројот на населението. Не е тоа прашањето. Не е прашање во тоа да не може да стане пописот или не треба да стане пописот. Не е прашање какви луѓе живеат во оваа држава. И тоа е многу познато.

Меѓутоа, прашањето е друго. Кога реков дека оваа империја, оваа мала државка што одвај ја створивме сакаме на некој начин да ја растуриме. Да, господа, сакаме да ја растуриме. Самите ние сакаме да ја растуриме. Ја делиме. Велиме западна, велиме источка, северна велиме, незнам каква а се знае колку е таа држава. Тие антагонизми да се исфрлат од нашите срца. Тие антагонизми и тие отрови треба да ги фрлиме на страна. Ако Америка правеше вака, ако Франција прави така, ако, еве, да ја земеме и таа конферендативна држава, Швајцарија, не требаше да постојат тие требаше да бидат изгазени. Или Германците. Германциите имаа еден ѕид таму, германците се германци и свршено. Не можеме ние сега да навлегуваме во некои проблеми што требаше да бидат решени уште порано.

Ќе ве прашам вас кој е тој татко, едно време јас бев критикуваат ми се чини од жените од -Куманово, тогашниот претседател, мој, на

Партијата ме свика таму и ми вика - кој си ти што зборуваш така, не по негова иницијатива, по некоја иницијатива на некоја пратеничка. Јас отворено кажав тогаш која е таа мајка што сака детето да го пушти во Хрватска во тоа време или во Србија да појде? Има ли таква мајка? Јас реков од оваа говорница дека тие не се мајки на тие деца.

Имаме ли ние сите деца и внучиња? Имаме! Сакаме ли тие деца да загинат? Не сакате нормално! Само улав човек може да мисли да погинат децата. Кој е таков пеливан, кој сака зло на овој народ, јас ќе организирам на едно големо игралиште или на една голема ливада, ќе ги соберам, кои се тие, кренете раце, тие и тие, пеливани, нека с< тепаат дење - ноќе таму сами, без семејства.

Во ова не се прави рејтинг на партиите. Во ова се решава судбината ан државата. ВМРО и во своите, ќе ве молам вас од ПДП-НДП никогаш тоа име, понапред го спомнавте, ВМРО со не знам какви придавки. ВМРО е едно. Од сега ќе ве молам ВМРО да не го спомнувате...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе ве молам....

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

И ги молам пратениците од ПДП-НДП.

А, кавгите многу лесно можат да станат. Пред очите наши ја имаме Босна. Ни Америка не може да ги смири. Знаете ли колку народ сме ние Знаете ли што сме ние со душа? Знаете ли дека имаме малечки деца, де имаме внучиња. Сакате ли тие да ги изгубиме, сакате ли да не постои оваа држава? Кој сака нека крене рака. Јас не верувам.

Во смисол на мојата партија, бидејќи сум и духовен човек од таа партија и тоа отворено ќе ви го кажам и тоа отворено сега јас ќе го кажам

на повеќе места, не сакам да правите рејтинг ниту вие од ПДП ниту од НДП, ниту од сојузот на комунистите, извинете јас тоа не можам да го кажам, многу имиња имате сменето, многу пати викам ама најискрено од Социјалистичката партија, од ДПМНЕ, од Либералите не сакам да правиот рејтинг врз главите на нашиот народ, на луѓето кои живеат во оваа држава. Тоа не носи на ништо добро.

Светот не признава. Слушам тука многу работи од адвокати што не се адвокати, слушам некои работи кои тие многу убаво ги кажуваат им ги пишува некој секоја чест јас никогаш не пишувам, за да ја сакаш својата држава треба да те боли за државата. Треба да не спиеш и ноќе. Само тогаш ние ќе бидеме луѓе. Само тогаш ние ќе имаме таква држава каква што ја бара Европа, каква што ја бара светот. Јас верувам, но верувам во една друга работа во која вие не верувате. Вие сте кусогледи Вие имате вака ставено пред очите и не знаете утре што ќе стене. Јас тоа го знам и го реков. Тоа што сум јас, сум го кажал од почетокот, реков ќе плачете. Сега ме наоѓаат пензионерите - А, бе, ти мајката си рекол оти ќе плачиме. Тие сите плачат. Цел народ плаче. Слушаш? И други ред, ред работи. Тоа нека утре, друг ден кога ќе пцоисам јас нека ја земат историчарите, тие деца кои растат сега, наши и ваши и тие нека видат кои бевме тука внатре и нека не опишат. Никој нема да влезе во историјата ако има рогови. Сите тука покажавме рогови. Кога влегов тука беа без рогови, реков ќе извадат рогови, сите имаат рокчиња. Не може така.

Пописот треба да стане, затоа што државава, јас не знам на колку години треба тоа, колегата кажа на 10 години, но јас знам, дали тоа на 10, на 5, дали на 6 треба да биде правилен пописот и треба да има контрола, тоа го прифаќам, треба да има контрола. Некому не му се

бендисува, ама утре ќе му се бендиса. Тој е колку толку деливан таму зајак има зајачко срце а сака да се тепа. Кој знае каде ќе избега тогаш. Нека оди во Босна нека се тепа. Треба да има контрола на пописот. Не смеат да се уфрлате, пребацуваат луѓе кои не се жители на оваа држава, немаат државјанство итн. Ова ми се чини е регулирано со закон со Уставот итн. Уставот многу добро зборува како треба да произлезе еден закон, таков,за еден попис. Јас не сум ^правник, не сум ни нешто повеќе од тоа што сум.

За дијаспората. Овие денови кога бев болен да ви кажам право луѓе јас и се изморив од размислување. Од размислување. Дијаспората треба да се попише. Јас зборувам на јазик кој може да ме разберете. Ако сакате да ви свртам на грчки на италијански да ви зборувам со саати нем да ме разбере никој. Дијаспората ја имаме некако отфрлено. Дијаспората до сега беше манипулирана. Оди еден таму манипулира, оди другите манипулира, оди третиот манипулира, оди четвртиот и од таа дијаспора ние направивме не луѓе наши. Го изгубивме поверението кај нашите луѓе. Јас имам да зборувам многу за тоа но во друг случај. Е сега, и тие луѓе, ми се чини што се во дијаспората ќе сакаат да се попишат и ќе треба тоа да го направат нашите конзуларни претставништва. И тука треба да се донесе еден закон со кој ми се чини никој нема да, ќе, се смеете вие, ама уште малку ви останува тука да бидете во Парламентот. Еден пат реков на еден колега ќе врти околу таквото, ама сега гледам други ќе вртат, многу повеќе ќе вртат други околу Парламентот затоа што го излагаа народот.

Ми се чини дека секој чесен македонец, секој добар македонец, секој искрен македонец кој ја сака оваа земја или било кој друг, да не зборувам сега за малцинствата итн., кој ја сакаат оваа земја и сакаат да

живеат во оваа земја, ќе се попишат.

Многу ми е криво да ви кажам најотворено многу ми е криво затоа што гледајќи ги така работите во државата во целост не ми се бендисува. Не ми се бендисуваат работите и тешко нас ако дозволиме да стане само еден кикс во државата. А, тие, поборниците за тоа, конечно сум убеден дека не ја сакаат оваа земја. Било од која партија да се многу големи поборници сум убеден во тоа дека не ја сакаат државата. Сакаат нешто друго, што сакаат не знам и не може.

Доколку завладее кариеризам во една држава и завладеат луѓе што ја украле државата и тоа сум го кажувал многу пати, завладеат луѓе кои ќе пцоисаат ако не дојде на место да фати стол и после треба да имаш некое хемиско средство да го истиснеш од столот, таа држава не може да биде и така попис тие луѓе не можат да направат.

Јас не знам Владата што има предвидено или не, меѓутоа колегата Вецко пратеникот на ДПМНЕ има запишано некои работи, некој членови што јас ги немам, треба да се проконтролираат

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам имињата на партиите изговарајте ги така како што е со законот.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

За мене знаат зошто не сакам, затоа што почнаа таму да зборува. за ВМРО за ова за она. Не сакам да се споменува.

Тие работи да се земат предвид и убаво тој закон да се направи оти тој закон е моментален, секундарен, после ќе излезе друга закон за попис и да се води сметка кога се попушува населението да се попишува во смисла од куќа на куќа, од човек на човек да не изоставиме луѓе кои не се попишани во оваа држава.

Друго јас нема што да ви кажам, затоа што времето ќе каже кој бил во право. Времето е најголемиот судија. И, уште еден пат ќе повторам и на таа страна, и на оваа страна, ако сакаат да се тепаат, нека си ги остават децата дома, нека излезат на игралиште или некоја голема ливада, нека се намачкаат со масло, со зејтин и нека се тепаат дење-ноќе.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници. Најпрво би сакал да кажам дека од оваа говорница мора секој од нас да знае дека ова Републичко Собрание е највисок орган што донесува закони. Не политичките партии. Да не се деградираме самите себе си. Ќе ни се насмеат децата. Тоа сакав едно да кажам.

Втора работа, која алудирам да се каже при спомнувањето на Социјалистичката партија, нека не ви биде тешко да спомнете и ПЦЕРМ, јас сум претставник на ПЦЕРМ и не само на Социјалистичката партија. Сигурно нема рејтингот да му падне на овој Парламент ако кажат дека овде постои и претставник на ПЦЕРМ. Јас верувам дека е тоа направена мала забуна.

Инаку, мислам дека немаат право овде двете партии, ВМРО и ПДП да се натпреваруваат во некои мисли што нормално ќе дојдат, заради тоа што светот бара од нас, светот бара и ние како Собрание го поставивме ова на дневен ред, да направиме попис. И, ве молам да не ги иритираме луѓето, граѓаните. Јас го почитувам излагањето на господинот Абдурахман Халити, во целост го поддржувам и мислам дека тоа треба да оди така. Да се одлепиме од такви мисли, од такви скриени желби во нас дека ако биде попис ќе биде едно, ако не биде попис, ќе биде нешто друго. Нема да биде ништо друго, трето, ќе биде она што треба да биде човечки, што треба да биде граѓански да претставува граѓанска

демократија, парламентарна демократија и Европа. Наместо да бидеме радосни што вчера не призна една голема земја, сигурно денес утре и Канада. Ние многу малку внимание обрнуваме на тоа, а секогаш велиме дека не чиниме. Дека овој Парламент не чини, дека оваа Влада не чини, дека оваа лева страна не чини, коалицијата итн. меѓутоа се гледа дека е добро и добро е што вака оди.

Би сакал нешто да кажам околу пописот. Јас ве молам да не ме сфатите криво, имам информации од пред седум-осум дека и скоро секој ден ми се јавуваат од Источна Македонија, немам информации за да го окривам Демократскиот сојуз на Турците, тие ми се добри пријатели или добротворната организација ЕЛХИЛАЛ. Во никој случај раководството не можам да го окривам. Меѓутоа, има индиции дека поедини мали луѓе од тие организации, оџи ли се, што ли се, не знам што, ги условуваат ромите од Источна Македонија да се пишат Турци на пописот. Мислам дека треба да се одвикнат од тие стари напластености, да ги остават Ромите нека си бидат роми, нека не ги имаат под мишка оти со години ги земаа под мишка па ги оставија неписмени, ќорави и сакати, такви какви што беа. Нека остават сами нека се развиваат.

Сум за тоа, со респект и почитување на она што го кажа и господинот Абдурахман Алити, да се изградат демократски механизми. Јас верувам дека не се мислеше, не верувам дека тој мислеше на некого паралелни информации. Ние имаме Совет за меѓунационални односи, Комисија за меѓунационални односи, имаме Министерство за образование и други институти и институции, па преку тие институти и институции, а најмногу кај Ромите ќе делуваме да се промени таа структура во образованието итн. итн. Само на тој начин ќе можеме инаку друг начин не постои.

Сакам уште нешто овде да кажам, им забележувам на претставниците за јавните гласила, да речеме "Нова Македонија", некни

имаше еден натпис таму за политичките партии па и за ПЦЕР напишано на едно место. Помеѓу другото направено е едно превртување на она што се вика Програма на ПЦЕР. Првобитната програма, точно се засноваше на некое југословенство, па дури беше навестено дека сме и за Македонија и на федерален и на конфедерален принцип, па и самостојно, меѓутоа тоа не им одговараше, па дури реков дека Ромите се рудиментирани. Јас не знам странски јазик, што значи "рудмент"на инглиш тоа значи ништо не знаат за политиката, ако ромите ништо не знаат за политиката немаше да излезат со 98,3% на референдум. И тој новинар, таа колешка новинарка, таа госпоѓица новинарка нека си се подмисли малку.

Понатаму, давам на знаење, давам на знаење за пописот, од градовите Тетово, бидејќи едно од барањата се и документи - државјанство. Во градот Тетово ми се јавија граѓани кои живеат под 25-23 години во РМ дојде онаа ситуација Југославија од Триглав до Гевгелија, итн. одбиени се со решение дека не можат да бидат државјани. Не им се прифатени тие документи. Што ќе прават тие луѓе? Како ќе бидат опфатени во пописот. Имаат свои куќи имаат свои бизниси. Што се тие? Паднале од ведро небо? Сметам дека треба да се најде некое чаре и тие луѓе да бидат опфатени.

Во неделата ми беа претставници од Куманово. Има еден доста добар дел во Куманово што дојдоа од Србија од пред 22-23 години, сите направија фото копии на своите лични карти, меѓутоа, сиромаштија немаат по 500 долари што треба да ги платат. Да се види што е тоа со Куманово, тие 500 долари што треба да ги платат. Луѓето едноставно немаат пари.

Овде во точката 6 се набележува во еден член дека пописот односно посебно ќе се потпишат и државјаните на РМ кои во времето на пописот се отсутни од РМ повеќе од една година. Што со оние, имаме

вработени од сите националности, па и македонците кои по 20-25-30 години се надвор од нашите граници, трбухом за крухом. Што правиме со тие луѓе? Тие работеа таму, изградија свои семејни станбени згради, сигурно ќе бидат попишани семејните станбени згради, а дали ќе бидат без домаќини. Дали тие луѓе ќе имаат право на глас? Дали ова, дали она се е тоа знак на прашање. Не е лошо и ова да биде предмет на разгледување што е тоа, што е тоа со овој посебен попис итн.

Малку е смешно, меѓутоа јас знам на првото гласање 1992 година од некаде беа дојдени со авиони итн., па гласаа си отидоа, меѓутоа, нормално има некои ни од дома што не искачаат да одат на гласање.

Ова се моите забелешки што не успеав минатиот пат да ги кажам, па би молел ова Собрание и Министерството и органот за статистика да гиземе предвид овие мои искажувања.

IV/1.-РД/ЉР

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Дами и господа пратеници, моето излегување можеби е повеќе процедурално, меѓутоа, би сакал да кажам за да помогнам за да ја довршиме оваа работа која ја почнавме веќе четврти ден расправаме. Ние треба да практикуваме и понатаму дека кога се донесуваат закони, односно закони кои се во фаза на донесување, како што се практикува во нашиве комисии, предлагачот прво да одржи едно излагање, односно воведно излагање, така што ќе ни бидеа на нас многу појасно како ќе расправаме во врска со еден закон како што е овој за попис на населението. Меѓутоа, ние тоа не го практикуваме иако за некои закони од стопански карактер повеќе и практикуваме така. Така што, кога немаме воведно излагање од наши непознавања, ние опфаќаме проблеми кои се сегментални, односно од друга сфера од меѓунационални односи и после тука не сме убедливи до крај кога ги опфаќаме и тие сегментални проблеми во сферата на меѓунационални односи, затоа што не сме спремни, односно пред тоа не сме спремни, односно не сме припремени да дискутираме за такви работи, и држиме туна некој политички бајати совети, дури и од таа сфера ни одржуваат.

Ние повеќе слушаме, односно читаме од некои новинарски коментари, што значи овој попис, што значи таа експертска група што треба да се респектира од таа експертска група, каде е формирана таа експертска група, што значи Европски -Совет итн. Ние колку и да се обидуваме и од кој агол да ги опфаќаме проблемите и да дискутирамае за проблемите мораме да признаеме една работа што е многу и презентирана неколкупати дека сме држава која е зависна од меѓународни институции. А тоа не е само РМ, туку сите држави кои се односно сакаат да бидат членки на одредени меѓународни институции тие држави мора да респектираат тоа што е пропишано поодамна во

тие други институции. Тие држави мора да респектираа тоа што е пропипфано поодамна во тие меѓународни институции, така што независноста на една држава, во овој случај на РМ да ен се сфати така грубо дека е независна држава и не мора да прифати никакви сугестити, односно совети итн. од други меѓународни институции како тоа е во воој случај ЕС и таа комисија. Тука се спомнува крајната цел ако ние одиме од позиции на политички партии секој од нас ќе гради во себе некоја крајна цел. Меѓутоа, ако сакаме да имаме една држава како РМ на која ќе и биде крајна цел да бидеа демократска на рамноправни граѓани, со сите специфики и национални и верски итн. мислам дека тука веќе не треба многу да се дискутира затоа што тоа е една азбука која барем ние пратениците треба да ја знаеме. Затоа јас предлагам во овој случај да не се занимаваме ние еден со друг политичка партија со политичка партија, дури да кажеме дека мене ми велат некој албанци дека тие барања што се од поличката партија ПДП ја дестабилизираат Македонија држат тензија тензија во една држава се држи во политички институции, односно со државни институции. Ако таква тензија не држат државните институции нема да има тензија ако велиме тоа нека бидат и меѓународните односи , односно меѓунационална тензија. И на крајот би барал ако се почитува г-ѓа Андонвоска како предлагач и директор на Заводот за статистика, значи Републички завод од сите тие разговори каде што учествувала, а ние знаеме дека ќе дојдат експерти на 12-ти итн. од сите тие разговори, сугестии што ги добила, освен тоа што го прочитавме, тие што биле позаинтересирани да даде едно нејзино излагање да ни биде појасно навистина што бараат тие експерти и како треба да биде тој попис и тогаш на сите ќе ни биде појасно и нема што да даваме во тоа, затоа што тоа е работа која навистина се води, односно и се инспектира веројатно и во оваа фаза од таа  експертска група а таа

Е. група, не е за потчинување, затоа што е еден Европски совет каде што ние спремиме ние да бидеме членка како држава.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Почитувани пратеници, ценето претседателство,

Навистина јас немав потреба и не мислев денеска да дискутирав од говорницата, меѓутоа, изгледа дека ја користиме оваа говорница за некои други прашања, а не за дневниот ред што го имаме пред нас. Ние денеска немаме на дневен ред меѓунационални односи, ние денеска го немаме на дневен ред кој како го поздравува, тоа е негов проблем по улицата, немаме на дневен ред билатер4ални и мултерални односи со некои држави, денеска не треба да им се држат лекции дека албанците се вакви или такви, зашто не ни се потребни, ако не сме присутни во научни институции, тоа не значи дека немаме научници. Ние денеска имаме Предлогот на закон за донесување на Законот за попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства за 1994 - година. Јасно и гласно ако таков закон го имаме пред нас, ако треба да го извршуваме пописот, се знае од прво дека пописот мора да биде према сите стандарди на Европските земји.

Второ, дека пописот мора да биде исклучиво према предлогот на Е.група од Европа.

Трето, точно е тоа дека довербата од Институтот за статистика е изгубена. Јас гледам исклучиво од левата страна што повеќе говорници има на говорницата, навистина човек добива еден дом дека сите пописи кои се извршени досега не се реални. А тоа се потврдува од нивната нервоза. Ако сака и самиот Завод за статистика да го елиминира тоа неповерење, тогаш нека повели нека изврши попис со сите тие

параметри и стандарди.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Владата на РМ до Собранието го достави Педологот за донесување на закон за попис на населението, становите, домаќинствата и земјоделските стопанства за 1994 година, а потребата од донесување на законот, причините и резултатите кои ќе ги постигнат од него, соопштено е образложение во Законот.

Како што е познато 1991 година извршен е попис на населението становите, домаќинствата и земјоделските стопанства, но овој попис беше бојкотиран од одреден број на граѓани, а бојкотот генерал* беше прифатен од албанската националност и поради тоа во општините каде што живее оваа националност не можеа да се добијат потребните податоци што се бараа од пописот од 1991 година. Во 1991 година пред пописот во времето на траењето на пописот, како и по неговото извршување имаше голем број на изјави, соопштенија, со еден збор пописот е искористен за политички цели, а тоа се потврдува до ден денеска.

Неможноста да се добијат точните статистички податоци,>:: особено на бројно на населението, создадоа предуслови за развој на разни шпекулации, самоволни проценки, а не ретко и притисоци и градење на политика на неодржливи и недокажливи аргументи.

Во изминатите две ипол години свидетели сме без ни малку да се размисли за можните последици, создадените тензии, но и бројки кои кога ќе се соберат излегува дека РМ брои дупло повеќе жители отколку што има и што е утврдено и проценето со пописот во 1991 година. Многу

IV/5.-

често се лицитираше со бројки кои се менуваа од час во час се кажуваа бројки кои беа израз на желби и потреби од мигот со кој се кажува. Бројноста на албанската националност што живее во Републиката го надминува бројот од милион жители. На србите 300 илјади, Ромите 220 илјади, бројки кои секогаш прогресираат и се извлекувани без ниеден аргумент, лицитација на бројки, проценки, особено изразен кога се разговара со некој од многубројните странски делегации што ја посетиле или ја посетуваат РМ, но и во секоја прилика кога одредената личност се наоѓала пред телевизиските камери.

Модалитетот на лицитациите и на оваа седница е збогатен со бројка и процент на граѓани кои живеат во одредено подрачје, сега имаме еден град, а не би ме чудело да се отпочне и со лицитација кој ќе даде повеќе за секое населено место во Републиката, за одредена улица, ако не и за станбена зграда, природно и нормално зачинето со националната припадност на граѓаните што живеат таму.

Од сегашната расправа по Предлогот за донесување на закон повеќе наликува на семинар, без точно утврдена тема на разговор, но сепак општата тема на овој семинар е како, колку, и зошто РМ е повеќе национална заедница, а како поднаслов одредени учесници можат да си изберат тека, но таа не смее да биде темата и расправата по Законот за попис што не е одржливо и нецелисхнодно.

Владата како што реков при крајот на 1993 година, го достави Предлогот за донесувањето на закон во кој закон е пропишано се она што треба да се попише. Начинот, времетраењето на пописот основната намена на добиените податоци и друго.

Во текстот што го имаме пред себе се дадени алтернативи. Расправата треба да понуди многу решенија, или да понуди измени во одредена мерка во понудениот текст.

IV/6.-

Предлагачот наведува дека при подготовката на овој Закон обилно се користени искуствата на другите држави, меѓународните прописи и помош на Е.група на Европскиот совет. Законот те така концепиран да ги задоволува критериумите за точно и навремено обезбедување на податоци за повеќе области значајни за националните планирања на државата, научни истражувања и статистичка обработка и анали: на податоци. Исто така мислам дека со претстојниот попис ќе се проверат и важечките прописи како што се: Законот за државјанство, Законот за движење и престој на странци, Законот за живеалиштето и престојалиштето,како и други закони кои ова Собрание ги донесе.

Од расправата произлегоа одредени забелешки и предлози по текстот на Законот, а предлагачот истите доколку се издржани ќе ги вгради во Предлогот на законот. За сето она што ќе се оцени дека не може да се вгради, ќе биде образложено зошто не е прифатливо. Донесувањето на Законот е неопходно и понудениот текст по мене во целост е прифатлив, а кој алтернативи ќе бидат прифатени и вградени во Предлогот на законот, одговор ќе даде расправата која ќе биде целосно посветена на самиот закон. Неприфатливи се сите политички комотации изнесени во дискусијата, бидејќи мислам дека не е потребно обременување на овој закон со политика. Законот, а со тоа и претстојниот попис го подразбира во функција на добивање на точни податоци кои ќе се добијат доколку Законот се почитува и пописот се изврши, со што ќе се елиминираат сите изливи на желби и лицитации. Ставањето на точка на изнесените тврдења дека овој попис му е потребен на само одредена националност, или на сите националности, или само на македонскиот народ, или пак само на меѓународната заедница, мислам дека треба отворено да се каже и да се повтори дека пописот е потребен единствено на Република Македонија за да се утврди точниот број на населението на граѓаните, државјани на Република

Македонија, на граѓаните со постојан или привремен престој, да се утврди точниот број на странците кои легално престојуваат во Републиката и бројот на бегалците на недвижни имоти и сопственоста на истиот. Сите тие податоци кои што се наведени во Законот ќе се изведуваат и докажуваат врз основа на валидни документи, документи кои се издадени од државата врз основа на позитивните прописи во Република Македонија.

Граѓаните во РМ претстојниот попис треба да го прифатат и сфатат како граѓанска обврска кон државата чии државјани се, однос- но легално престојуваат во неа. Не би требало претстојниот попис да биде искористен на политички цели за одредени партии. Сите политички субјекти кои делуваат во РМ треба да придонесат овој попис да се изврши ажурно и точно. Надвладувањето на тесните интереси има негативни импликации и ќе придонесе пописот да не се изврши во одреден рок, односно не ќе се оствари целта што се сака. Во Законот е предвидено дека пописот можат да го следат претставници на меѓународните организации и тела, претставници на статистичките уреди од други земји, а стручна помош во организацијата и спроведувањето на пописот ќе пружи експертска група која што ќе ја формира Комитетот на министри на светот на Европа, а трошоците за пописот нема да бидат на товар на Републичкиот буџет. Сето ова по мене дава полна сигурност и гаранција во веродостојноста, односно стручноста во извршувањето на попис што е предуслов истиот да се изврши во целост и на време. Само сега ќе дадам неколку коментари на истакнувања мислам повеќе како ставови

1. Барањето да се пропише во Законот учествува со тоа и контрола во сите фази на пописот од страна на меѓународни субјекти и посматрачи, иако во Законот е пропишано дека меѓународните организации и субјекти мораат да го следат и присуствуваат на пописот, се подразбира како јасна изразена недоверба кон државните органи

во нивната компетентност, стручност и официјалност, ако се инсистира исклучови на тоа. Ваквата заложба е исклучови во функција во фаза на донесување на Законот. Пописот да се девалвира и да се прикаже дека резултатите добиени од него не се валидни што е опасна конструкција, мисла која доколку надвладее е опасност за ерозија, односно недоверба во сето она што работи извршната власт и законодавната власт.

2. Изнесеното барање да се попишат сите лица што се во Република Македонија, без разлика дали има легално живеалиште, престој односно согласно Законот го регулриал својот статус во Република Македонија, ја отвора можноста за негација на позитивните прописи што се важечки во Република Македонија. А Република Македонија е декларирана како правна држава и како секоја правна држава е неприфатливо и недопустливо да се негираат позитивните пописи, пописот мора да се базира врз документи кои се издаваат од државата, согласно законите на таа држава. Регулирањето на статусот на секој граѓанин е обврска на самиот тој. А дали граѓанинот го почитува она што го бара Законот е прашање на самиот граѓанин, а државата" е таа што врз основа на законите треба да го санкционира секое непочитување на Законот.

3. Барањето образецот П-1, односно П-5 да се отстапи на попишаното лице, односно на експертите кои ќе го пратат пописот е неодржливо и неприменливо во најголемиот број во демократски земји и ситото не би требало да се прифати исто така овие два документа не можат да се подразберат како нови официјални државни документи а во што ќе биде нивната функција не може да се согледа од предлозите.

4. Составот на Републичката пописна комисија е определен во законот, а заложбата да се пропише точниот број на лица, по однос на националната припадност, не враќа во времето што е веќе зад нас. А

стручноста, образованието, познавањето на оваа област и материја ќе се услов врз основа на кој ќе се предлагаат, а со тоа ќе членуваат лицата во Републичката пописна комисија.

5. Дали општинските пописни комисии, инструкторите, контролорите треба да се избираат од страна на општините, или по нивен предлог е неодржливо, бидејќи тоа како што е наведено во Законот ќе се врши од страна на државниот орган врз основа на точно утврдени критериуми и обука на сите лица кои ги задоволуваат тие критериуми.

6. Дали на целата територија на РМ треба да се дистрибуираат и да има формулари на јазикот и писмото на националностите.

Не е прифатливо бидејќи ова треба да се изврши врз основа на сегашните прописи, бидејќи е познато каде и приближно во колкав број во кои општини живеат националности.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ: (**продолжение)

7. Бришењето на најголемиот број на документи што се неопходни за точна и ажурно извршена пописна задача како што е наведено во членот 38 не е одржливо, бидејќи ова Собрание ги донесе законите врз основа на кои државните органи ги издаваат истите, а граѓаните треба да ги поседуваат.

8. Дали законот е во согласност со Уставот"е прашање на кое треба да одговори Уставниот суд на Република Македонија, а дали Владата го прифатила овој попис под принуда, или тоа е неопходно за да се стави крај на сите инсинуации и лицитации во однос на бројот на населението во РМ е прашање на кое овој попис ќе даде одговор. Прашањето дали македонскиот народ и националностите што живеат во Републиката се сложуваат повторно да бидат попишани е во функција на точно утврдување на бројот на населението на РМ.

И конечно дали оние што го бојкотирале претходниот попис и можноста да се бојкотира и овој , а како казна да се ограничи правото на избор и гласање е неодржливо, бидејќи законот пропишува казни кои надлежните органи треба да ги изречат.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Како што гледаме пред нас го имаме Предлогот на законот за попис за кои Владата на РМ како што можеме да видиме доста инсистира да се донесе и да се направи тој попис. Лично сметам и мое лично убедување е дека ако Владата на РМ прави еден таков притисок за нов попис во РМ дека тој попис и треба да се одржи од неколку причини. Од причина што прво, гледаме дека пописот од 1990 и 1991 година имаа најразлични злоупотреби пред се во внатрешните комуникации со одредени малцинства во РМ, потоа од одредени соседи

и она што е можеби најболното во меѓународната јавност. Лично можам да ви кажам дека како претседател на Партија чувствувам доста голем притисок во разговорите со најразлични претставници од странство, к< постојано го спомнуваат првиот попис и со една голема недоверба. Значи сите ние како политичари во РМ гледаме дека на првиот попис од 1991 година има една голема дамка и треба да се погрижиме таа дамка што поскоро да се исправи, односно навистина да можеме да зборуваме за едни реални податоци кои ќе бидат прифатени не само внатре во РМ, туку ќе бидат прифатени пред се и од меѓународната јавност. Значи лично би го поддржал ваквиот закон за попис, меѓутоа со неколку забелешки што сметам дека Владата на РМ треба да си ги преземе и пред с€ сметам дека извршувањето на овој закон за попис е една голема одговорност и едно големо ветување дека навистина ќе испадне се онака како што треба да биде, а таа одговорност и тие ветувања не може да си ги преземе никој друг освен самата Влада на РМ. Имено, за што станува збор.

Прво, знаеме дека главен виновник зошто овој попис во РМ од 1991 година не се почитува и се злоупотребува и внатре во РМ и во меѓународната јавност претставува фактот што Партијата ПДП, односно коалицијата ПДП и НДП тогаш јавно ја повика албанската популација, односно албанското малцинство во РМ да не излезе на попис во РМ. Од тука сметаме дека ако оваа партија ПДП , ако е некакво оправдување тогаш што не беше официјално во коалицијата, денеска знаеме дека оваа партија се наоѓа и официјално во Владата на РМ, официјално претставува власт во РМ и она што треба да го гарантира е дека навистина ако овој закон денеска биде донесен во Македонскиот парламент, дека навистина нема да прават слични блокади и слични

подигрувања со македонската држава, со сите институции на македонската држава и со целата меѓународна јавност, туку навистина ако веќе нивните министри во Владата на РМ го прифатиле тој закон, смет дека и самите тие треба тоа да го прифатат гласно и да го кажат денеска на македонскиот Парламент и преку своите дискусии и преку гласањата подоцна и нормално после кога ќе дојде моментот за одржување на тој попис да го спроведат тоа на дело, а тоа е да ги повикаат сите свои граѓани, односно сите државјани Албанци во РМ да излезат на тој попис. За жал она што јас можев да го следам преку дискусиите на одредени пратеници од Партијата ПДП-НДП, коалицијата е фактот дека од ниедна нивна дискусија не можев да чујам многу прецизен одговор дали тие воопшто ќе излезат на овој попис во РМ, или повторно поставуваат некакви дополнителни услови, иако знаеме дека овие отстапки што сега се направени со законот се максимум за некакви , или за било какви отстапки на едно малцинство во РМ. Од тука главното прашање што мене ме мачи и гледам дека не можам да најдам одговор во нивните политички ставови е токму тоа , дали Партијата која ги блокираше, односно направи деструкција на првиот попис во РМ, дали и овој пат нема да се однесува на ист начин, односно дали нема повторно да направи една деструкција на тој попис во РМ, па после тој попис кој ќе биде во март, или во април повторно да ја имаме истата слика и самите тие да го негираат тој резултат , а исто така во меѓународната јавност да пласираат дезинформации дека резултатите и од тој нов попис не се точни, односно дека постојано некој нив ги лаже во РМ , дека некој нив ги краде во РМ, дека Владата на РМ е толку способна да украде и да скрие 200 до 300 илјади Албанци во РМ и покрај тоа што и самите тие имаа министри во таа Македонска Влада. Од тука тоа е најголемото прашање

што сметам дека треба денеска да се одговори на оваа седница и воопшто по прашањето на дискусијата за пописот, бидејќи ако Партијата ПДП и нејзините претставници, односно нивните министри во Владата на РМ декларираат дека ќе го бојкотираат, односно повторно ќе направат деструкција на пописот, тогаш јас не гледам причина ние повторно да се изјаснуваме од македонските партии дали сакаме попис, или не сакаме попис. Одговорот го дадовме на првиот попис, сега ми се чини дека во дискусиите исто така произлегува многу јасно кој е нашиот став. Значи единствениот проблем за кој можеме да разговараме е ставот на ПДП, односно НДП, коалицијата како ќе се однесуваат тие во тој попис.

Од тука кога зборувам за одговорноста на ПДП сметам дека е навистина крајно време пратениците на пратеничката група на ПДП кои учествуваат во Владата на Република Македонија со една добра третина од министрите крајно време е да почнат малку поодговорно да се однесуваат кон оваа држава, малку поодговорно да се однесуваат кон сопствените носители на власт и навистина да покажат барем еднаш во оваа досегашна триипол годишна работа нивно учество во власта дека навистина се чувствуваат како одговорни граѓани пред македонската власт. Тоа е првата димензија која морам да ја потенцирам и сметам дека Владата на РМ, односно коалиционата Влада тука ја носи посебно таа одговорност да ние после новиот попис во РМ навистина ќе можеме слободно да зборуваме дека овој попис, односно резултатите од тој попис се валидни и дека ќе можеме резултатите од пописот да ги истакнеме пред целата меѓународна јавност. Во таа смисла ја поддржува» иницијативата за една добра контрола на тој попис, меѓутоа, кога зборувам за контрола не мислам за контрола од Албанија, туку мислам за контрола од 00Н, од Европа, од Америка, со еден доста голем мониторинг во РМ за да можеме на меѓународната јавност да го избиеме

подоцна адутот дека некој во РМ постојано го фалсификува бројот на албанското малцинство, односно дека некој ги поткрадува Албанците во РМ. Ако се исполни таа димензија, ако Владата на РМ може да гарантира дека пописот што ќе биде направен навистина ќе биде верификуван по сите оние аршини кои сметаме дека треба да биде верификуван, тогаш ја имате и мојата лична поддршка во одржувањето на тој попис. Инаку сметам дека со овој попис доколку се остварат сите тие услови РМ ќе добие една прекрасна можност и пред Балканска јавност и пред меѓународната јавност да разбие некои шпекулации кои постојано се поставуваат по прашање на бројот на разни малцинства кои живеат во нашата држава, националните чувства на граѓаните на РМ. Сметам дека тоа ќе биде добар одговор пред се за сите наши балкански соседи кои еве гледаме постојано во последните неколку години прават постојани шпекулации, ќе биде тоа добар одговор пред меѓународната јавност. И сметам дека навистина ако. добро се организира целиот овој попис ќе биде едно прекрасно меѓународно претставување на РМ и еден прекрасен меѓународен одговор на РМ посебно- поради сите овие притисоци кои ни се случуваат во оваа година.

Конечно сметам дека ќе биде и добро за самата Македонија и за сите структури на политичка власт во РМ што ќе добиеме една вистинска и реална структура на сите национални малцинства во РМ. И кога зборувам за националните малцинства не можам повторно да не се задржам на оние кои беа главниот проблем на првиот попис , а тоа беше албанското малцинство. Сметам дека фактички најголемиот резултат за македонската држава ќе биде фактор што ќе можеме ние сите на еден легален начин да ја утврдиме конечната бројка и вистинската , реалната бројка на албанското малцинство во РМ со која најмногу се шпекулира. Единствено тука што би го поставил како прашање е зошто Македонската Влада во исто време не инсистира таков попис вонредно

да се одржи и во Албанската држава каде што знаеме дека чувствата на националните малцинства кои живеат во Албанија уште повеќе се под една голема контрола и под една голема да не го употребам зборот диктатура, меѓутоа, своевиден терор во немањето можност да ги изразат своите национални чувства. Овде беа спомнати бројки дека во Република Албанија се уште за жал постои непотврден број на едно огромно македонско малцинство кое според некои податоци достигнува бројка од 500 до 700 илјади Македонци кои живеат во Албанија православни и нормално муслимани. Сметам дека единствено ако станува збор за некаква забелешка на овој закон што го доставува Владата на РМ е токму тоа што со оглед на тоа дека македонската власт има воспоставено многу коректни односи со албанската Влада е инсистирањето ваков попис со исто така меѓународна контрола, со една поголема демократичност да се одржи и во албанската држава, па да ја видиме нормално етничката структура на нашиот западен сосед кој гледаме толку многу е инволвиран во овој закон, односно во инсистирањето на донесувањето на еден таков закон.

Инаку единствена пречка која ја гледам зошто Партијата ПДП повторно би го бојкотирале пописот во РМ е само според мое лично сфаќање е во вистината , односно во реалната бројка на албанското малцинство во РМ. Лично сметам дека овој попис на сите нас ќе ни помогне да ја утврдиме токму таа бројка и тоа е фактички единствениот страв кој може сега да ја води Партијата ПДП во бојкот на тој попис. И се надевам дека конечно ќе го утврдиме кој е реалниот број на автохтоните Албанци кои денеска живеат во РМ. Јас сум уверен дека ако се одземе оваа бројка на оние кои веќе не можеа да добијат државјанство, ако се одземе бројката на оние 100 до 150 илјади Албанци кои веќе имаат државјанство, а нивното потекло е од  Косово, ако се одземе онаа бројка

од најмалку 50 илјади Албанци кои се доселени од Албанија. Исто така сигурно ќе може да се утврди и бројката на доселувањето на Албанци од Албанија и од Косово во периодот на Втората Светска војна, тоа е периодот 1941- 1944 година, а ние знаеме дека според документите, на одредени документи на Хелсинки државата која е насилно колонизирана во тек на окупација може да побара враќање на тоа население наназад, ќе видиме дека реалната бројка, односно ќе се увериме дека реалната бројка на автохтони Албанци кои денеска живеат во РМ не е поголема од 100 илјади што сметаме дека ќе и помогне многу на македонската држава во утврдувањето точно на она што сметам дека е денеска најголем проблем: кои се автохтони Албанци во РМ, кои се Албанци кои се доселени во Втората Светска војна како окупатори во периодот од 1944-1945 година и која е бројката на Албанците кои бегајќи од тортурата на српската република пребегнати од Косово во РМ. И сметам дека тоа ќе биде една цифра која конечно пред сите нас ќе ја покаже вистинската и реалната слика на албанското малцинство во РМ. Впрочем и навистина моето лично убедување е дека единствена причина поради која Албанците можат да побегнат , односно повторно да повикаат на бојкот на новиот попис во РМ е токму тој факт, стравот од покажувањето на вистинската реалност колкава е нивната официјална бројка во РМ. Од тука сметам дека навистина пред изгласувањето на овој закон за попис крајно време е да ги чуеме претставниците на партијата ПДП, повторно ќе потсетам затоа што многу нивни пратеници заборавaат дека се наоѓаат во Владата на РМ, јасно да го чуеме ставот на пратеничката група на ПДП што тие ќе направат пред новиот попис, дали ќе ги повикаат своите членови и своите симпатизери да излезат на тој попис и да се покажат како конструктивни граѓани пред македонската држава и

пред сите други македонски граѓани, или повторно ќе ја гледаме истата слика што беше на првиот попис, а тоа е повторно ќе изведуваат некакви детски игри, повторно ќе плачат, повторно ќе кажуваат дека некој нив ги манипулира, односно повторно ќе ја добиеме сликата. Ако имаат намера да го бојкотираат пописот, тогаш мислам дека нема потреба од било какво малтретирање на Македонскиот Парламент. И сметам дека крајно време е во дискусиите на некои од пратениците ние овде да чуеме еден дециден став. "Одиме на пописот", односно дали ПДП ќе ги повика своите граѓани на попис или повторно ќе ја гледаме истата слика. Сметам дека тоа е најголемиот одговор кој треба да го дадат и да го добиеме пред македонската јавност, за да немаме после повторно некои сопки, кога законот ќе биде донесен.

Благодарам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор г-динот Веби Џемаили.

VI/1.- ПЈ/ПН

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ**

Во врска со Предлог законот за попис на население, домаќинства и станови, морам да признаам дека овде човек може да чуе се и сешто освен вистината. Прекрасно ми звучат констатациите и што е најтрагично убеденоста во нив при нивното излагање кои со својата интересна содржина би требало да влезат во книгата на Гинис.

Посебно ме зачудува храбриот пристап на некои господа кон фашизоидните би рекол мисии, за размена на населението помеѓу две соседни земји. Не заплашуваат, не иритираат или пак си го рушат својот политички рејтинг како политичари во едно демократско општество, или пак си дозволуваат себе си да си дадат за право да манипулираат со народот.

Веројатно нешто лошо се случува во нивното "моцио" па ги покренува до толку негативни вредности на амплитудата па забораваат дека ниту некому му овозможиле да дојде, да се насели ниту пак можат некого да отселат. Подобро ќе им биде да расправаат по законот отколку да предложуваат фикс-идеи за тоа како поуспешно соседот да се исели од измислени причини само и само да се живее со вечната мисла и стремеж за експлоатација, угнетување, геноцид и други психопатски црти на поедини личности бидејќи за секоја болест има лек, и за секој болен, лекување.

Со други зборови, не сме во никаква војна да разменуваме заробеници, па подобро е жедните за крв и гладните за барут, да се елиминираат од политичката сцена, бидејќи фабриките за правење сапун и концентрационите логори не се идеа која може да се реализира, барем не овде во Македонија.

А, кога сме кај Законот би се осврнал поподробно на некои досегашни статистички податоци трудејќи се да прикажам една голема невистина која се моташе како демагогија во однос на наталитетот на Албанците започнувајќи од круговите на некогашната Југословенска администрација, па се до ден денешен овде меѓу нас.

Диригирано од Белград, особено од 1981 година, поради фобијата од цитирам "Бомбата во Македонија" одеднаш почна да се пропагира можната опасност од натприродниот наталитет на Албанците кој според некои достигнуваше и до 40%; од една страна се водеше битка да се ограничи бројот на децата како превентивна мерка во однос на запирање на божемниот процес, со што се одеше и до методи по кои беа предвидени рестрикции на правата на социјалните привилегии предвидени со Законот, за оние кои имаат повеќе од три деца. Од друга страна се изведува невистини кои тврдеа дека се вршат намерни миграциони процеси за реализирање на идејата "Голема Албанија".

Заради тоа велам дека ако се земе во предвид дека:

Според првиот повоен попис од 1953 година, Македонија имаше вкупно 1.304.613 жители од кои 162.524 Албанци, 203.938 Турци и 860.000 Македонци во 1961 година, вкупно 1.400.603; - Албанци 183.1о0 Турци 131.481, а Македонци 1.000.865. Во 1971 година вкупно 1.647.308 Албанци 279.371, Турци 108.552, Македонци 1.142.375 и во 1981 година вкупно 1.909.136, Албанци 377.208, Турци 86.591 и Македонци 1.272.323 што значи од 1953 до 1961 година, за 8 години кај Македонците е забележан пораст за 140.000 жители, кај Албанците за 21.000, додека кај Турците е забележан пад за 72.457 жители.

Потоа во 1971 година кај Македонците е забележан пораст за 141.510 жители, кај Албанците за 96.763 жители додека кај Турците пад за 22.929 жители. И на -крајот во 1981 година кај Македонците е забележан пораст за 137.457 жители, кај Албанците за 97.377 жители, додека кај Турците пад од 21.962 жители.

Овие параметри јасно укажуваат дека Македонското население од 1953 до 1981 година се зголемува за 419.823 жители, Албанското за 214.680 жители, додека Турското се намали за 117.347 жители.

Сума сумаре според показателите се потврдува вистината дека голем дел од Албанското население во одделни политички моменти на пописите се произнеле како Турци, а тоа го поткрепувам со фактот на паралелното зголемуваше и намалување на населението на едните за сметка на другите. И ако се знае дека во 1953 година, вкупниот број на Албанци и Турци изнесува 366.442 додека истиот број во 1981 година изнесувал 463.799 може да се констатира дека се забележува еден пораст од 97.337 жители за 30 години вкупно за двата народа, со што ја отфрлам теоријата за вештачко изнудување на абнормален прираст поради реализираше на "Голема Албанија".

И уште нешто ќе додадам дека овде веројатно не се земени в предвид иселувањето на Албанците и Турците кон Турска, како и појавата на масовно произнесување на Албанците како Турци особено во периодот на аферата Ранковиќ па и подоцна.

И на крајот ако Министерот за односи со странство вели дека во Македонија Албанците сочинуваат 19,6% од популацијата, додека претседателот на државата на сите свои средби со странските дипломат вели дека тие сочинуваат 21,6% да не се бламираме пред светската јавност на мислење сум дека е повеќе од неопходно овој попис да се спроведе, но само објективно. Ако некој сака, тука имаме цела статисти-

чката за сите држави во Балканот и за Европа, кој сака и кој сака некој да ги фотокопира може да ги земе.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Само за друго место тоа, не е за денешната дискусија. Јас е замолил натамошните учесници да се придржуваат на веќе остварениот до- говор исклучиво на темата што е предмет на дневен ред. Во спротивно, мислам дека ќе се оддолжи целата расправа, не чекаат многу значајни закони по дневниот ред, кои што исто така овој парламент треба да ги донесе, кои што и временски се определени.

Има збор господинот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, ако пред малку излегов само да ставам една процедурална забелешка, сега малку ќе дискутирам по однос на законот, за што под тоа што го кажав јас никој не го слушна, па и господата од претседателството.

Пописот на населението, домаќинствата, становите и земјоделски-те стопанства во 1994 година, според мене, треба да обезбедува податоци кои ќе бидат израз на веродостојноста за нашето хетерогено општество. Во таа смисла предлогот за донесување на законот односно предлог закон што ќе уследи треба да биде растеретен од субјективизми, што не е случајот со Предлогот за донесување на закон.

Современата наука денес во утврдувањето на научните сознанија се користи со современи методи. Статистиката како метод на квантитативни те испитувања на варијабилните појави, познат е во развиениот свет, познато е во развиениот свет обезбедува за одредена појава сосема веродостојни податоци, па би рекол обезбедува и поверодостојни податоци и од оние што ги нудат поедини официјални органи на одредена земја односно држава. Многу често е познато дека кога е во прашање за одредени појави статистиката да има многу поточни податоци, отколку што ги нудат одредени органи во одредени држави. Мислам, посебно кога е во прашање заработувачката односно

профитот во поедини капиталистички земји. Тогаш податоците што ги нуди статистиката се многу поточни, бидејќи е познато зошто тоа се избегнува, а се избегнува заради плаќање на даноците по однос на тие профити што се остваруваат. затоа, мислам дека верба треба да имаме во статистиката. Ако е тоа така во развиениот свет, тогаш зошто не се постапува и кај нас. Зошто пописот се оптоварува со низа непотребни работи, особено документи, кои нашите министерства поради краткиот рок не се во состојба ни да ги издадат Јас во врска со ова имав и еден разговор поодамна, всушност, кога се наѕираше дека ќе се предложи нов попис на становништвото, па ми рекоа дека ако тоа така се направи како што е зацртано во законот, ние не сме воопшто во состојба да ги издадеме тие документи таму што се бараат. Заради тоа, мислам дека треба да бидеме практични документите кои се бараат за попис стануваат, дозволете, госпоѓо, министер, станува збор за тоа дека за попис е потребно оној кој шт( се попишува да пружи одредени докази. За веродостојноста, дали всушност треба да се идентификува. Меѓутоа, дали може да се идентификува и со документи кои што не може да ги добие. Сигурно дека не к може. Па, заради тоа предлагам тоа да бидат документи со кои тој располага, а ко веќе се оди и, иако е познато дека во светот, па мислам дека тоа е и залгање на експертската група тоа да не биде со документи. Ова е попис. Треба да се пребројува, како се врши п< кога се попишува стоката во магацините, во продавниците, се бори, еден, два, три, итн., така треба да се направи. Не се бара податок од каде е дојдена таа стока.

Понатаму, ако се оди во анализа, тогаш може да се бара Во статистичкиот годишник на Народна Република Македонија за 1991 година на страна 20 пишува дека каде што се зборува за населението односно дефинициите се вели дека постојаното население го чинат лицата што место на постојано живеење имаат на територијата на СФРЈ.

Без оглед дали во критичниот момент на пописот се наоѓаат во земјата или во странство. Зошто избегавме ние слично да постапуваме. Ако сакаме податоците да бидат споредливи, единствено така можат споредливи податоци можат така да се споредуваат. Ако имаат иста основа, ако базираат на иста основа. Не можеме да споредуваме круши со јаболка. Ако ние правиме разлика и не ги користиме односно не г употребуваме истите квантитации, тогаш ќе немаме да правиме, можеме да правиме правилна разлика. Лицата вработени во странство мислам дека треба да бидат третирани како и членовите на семејства на лица од дипломатски и конзуларни претставништва на Македонија во странство. Така, било и со пописот од 1991 година да користиме иста методологија. Повторно во прашање е споредливоста. Ако сакаме да бидеме споредливи, само така можат да се споредуваат податоците Исто така имам забелешка и на тоа што е мајчин јазик. Во истиот статистички годишник е речено што е мајчин јазик, што не се совпаѓа и со тоа што е дадено во предлогот за донесување на закон за попис. Таму се вели дека мајчин јазик е јазикот што некое лице го научило уште во раното детство, односно оној јазик, кој лицето го смета за свој мајчин. Заради споредливост мислам дека така треба да биде и во овој попис.

Следна моја забелешка е тоа дали треба да има казнени одредби. Мислам дека е тоа неодрживо и не би требало во никој случај овој закон, предлог кога ќе биде да содржи такви работи.

Доста имаше критика во неколкудневната дискусија од овде дека; зошто се спроведува овој попис. Јас мислам дека на повеќето од нас не ни е јасно односно не сме го прочитале зошто и кој се целите на пописот. И, заради има таква критика. Зашто, ако ги знаеме дека целите кој се, податоците ќе се користат за   национални планирања, научни

истражувања и статистички цели, тогаш е јасно зошто се спроведува пописот. А, исто така, дека ќе има и други цели за податоците за кои има и одредени забелешки од експертите од Меѓународната заедница дека не можат да служат и за тие цели, посебно за тие единствени регистри.

Имам забелешка, исто така, на член 3 рокот за извршување на пописот. Мислам дека сме свесни тој рок не ќе можеме да го запазиме. Не знам, ако има таква можност да се оствари би го поддржал, меѓутоа, но, чисто се сомневам. Денес сме 16 февруари а таму има рокови во предлогот дадени пред 2 месеца ќе се дадат овие работи, тие многу се набројуваат и мислам дека денес е тешко одрживо и остварливо.

Член 12 се опишува работата на републичката организација надлежна за работата на статистиката и се вели меѓу другото "дава предлог за именување на општинските комисии". Мислам дека тука предлогот треба да го даде општината, Собранието на општината и истото треба да ја именува комисијата, а не Републичката организација.

Член 21 зборува за работите што ги врши Републичката пописна комисија, па се вели дека меѓу другото врши именување на членовите на општинските комисии. Видете каков апсурд. Републичката изборна комисија ќе одреди општинска комисија. Каде го има тоа. Тогаш што е општината. Дајте да ја бришеме од Уставот и да ја нема повеќе.

По однос на составот на Републичката комисија во потполност ги поддржувам предлозите што ги изнесе пратеникот Авди Муртезани пред неколку дена., По однос на член 26 предлагам општинските инструктори

и попишувачи да ги именува општинската пописна комисија, а не Републичката.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пред да дадам збор на следниот пратеник, би скренал внимание дека со настапот на г-динот Љупчо Георгиевски, всушност, и таа пратеничка група се приклучи кон позитивно определување за потреба од донесување на овој закон. Закон и дека сите пратенички групи во Собранието позитивно се определија за потреба од донесување на закон. Бидејќи ова е прва фаза, дали има потреба донесување на закон, молам, сепак, на таа тема да се ограничиме бидејќи материјална расправа по конкретните решенија ќе можеме да водиме откако ќе го добиеме текстот на измени и дополнувања кој што предлагачот ќе го направи и ќе можеме конкретно да расправам Во спротивно, во недоглед се одолжува дискусијата и најчесто таа не е во функција на темата или пристапот кој што во оваа фаза треба да се оствари по законот. Јас би молел, бидејќи постојано се зголемува бројот на пријавени дискутанти, а веќе 5-ти ден расправаме по овој документ, веројатно, ќе имаме уште повеќе пати можност да искажеме и конкретни забелешки, да се сконцентрираме исклучиво на потребата од донесуваше на овој закон.

Има збор г.-динот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ**

Јас ќе бидам краток и рационален, токму поради што во мојата глава нема некои посебни сомневања и дилеми. Можеби сум расчистил со некои појмови што значи национално, што значи граѓани, така што овде се мешаат многу работи и можеби луѓето се уште во себе не ги

расчистиле поимите дека граѓаните имаат исти потреби, а се разликуваат по одредени вредности нормално. Во тој случај морам искрено да кажам ме разочараа најголем број дискутанти, односно пратениците, заради што не беа коректни кон самиот предлог закон кој се нуди денес и за кој расправаме неколку дена и мислиме дека сме многу популарни ако кажуваме некои бои од разен аспект и сега на граѓаните еве гледате дека нашиот пратени што кажа и сега голема поддршка во својата изборна единица. Мислам дека со квази демагози, квази политиканти, квази демографи никој не е задоволен во РМ и не веруваме дека и ние сами тука сме задоволни, а камо ли јас лично како пратеник и не сакам да бидам квази демограф, квази политикант и секаков таков, заради тоа што треба да појдеме со една реалност и да бидеме рационални во нашите искажувања и да дадеме придонес од она што нашите граѓани го очекуваат.

Лично сметам кога се работи за законот, еве колегата ме опоменува, тој е културен човек во таа смисла сакам да кажам зошто го поддржувам донесувањето на законот.

**БРАНКО АРСОВСКИ:** (продолжение)

Читајќи ја содржината на самиот закон и образложението што ни го дава изготвувачот на Законот Владата односно заводот за статистика мислам дека имаме еден квалитетен закон, една квалитетна содржина на самиот закон и ако во Законот ние не му додадеме некоја додавка на политика, мислам дека овој закон има своја вредност, своја содржина и истиот може до крај да ги регулира односите при вршење на самиот попис.

Лично кај мене има едно оправдување во однос на тоа зошто го поддржувам законот. Затоа што ние сме една организирана држава, а секоја организирана држава треба да има еден организиран попис, не попис за одредена политичка партија. Инаку ние ако правиме попис на политички партии најверојатно треба да имаме секоја година и н< секои 6 месеци попис, туку заради тоа што државата има интерес да ја има целокупната состојба во Републиката во однос на вкупното население, домаќинствата и се она што го нуди самиот закон, заради тоа што за да имаме некое квалитетно планирање, да имаме некое квалитетно истражување, информираше и се она што претставува истражуваше, а тука изготвувачот на законот веќе во првата глава кажува целите и задачите на овој закон, мислам дека апсурдно е да дискутираме дали има потреба или нема потреба. За мене е крајно некоректно некој пратеник да се залага за одредена популација поради одреден недостаток, по негово убедување, во законот, не мора да излегува на попис. Мислам тоа е катастрофално за државата, тоа е катастрофално за тој пратеник ако така мисли и катастрофална за популацијата која ја претставува.

Јас верувам дека функцијата на овој закон не е ништо друго освен да имаме едно правилно планирање во однос и на социјалниот и на економскиот развој. За жал овде во самиот закон

го потенциравме само едно статистичко обележје, националната припадност. Тоа е катастрофален однос од сите нас. Дали не ја познаваме демографијата, дали не ја познаваме статистиката и национално, па национално. Јас. мислам дека во законот и во пописните листи се напишани многу обележја кои се битни за државата тоа значи образование, квалификациона структура итн. кои се многу битни за планираше и во економскиот и во социјалниот развој, а да не кажам да~планираме во здравството, во образованието, во социјалната заштита, во стопанството итн. Ако го погледнеме така законот, тогаш јас мислам ќе се ослободиме од оној апсурд национално. Националното е само едно од многу обележја кои го карактеризираат овој закон.

Кога се работи аз еден апсурд, за мене, велиме кое население односно кои единици треба да се опфатат со пописот. Нормално е дека секоја држава мора да попишува население кое легално е присутно во државата и дел на население кое е присутно од времен карактер. Зошто е тоа така. Државите мора да прават своја одредена стратегија на политика и секое легално присутно население во државата со Уставот викаме е социјална држава, и треба да му обезбеди економска и социјална сигурност по сите потреби. Не случајно е што ние треба да се залагаме да се изврши пописот на легално присутно население, а привременото има сосема друг карактер. Државата за тоа население е обврзана и со уставот и со меѓународни договори да ги обезбедува сите права врзани за оној атрибут - социјална држава и да не кажам да обезбедува економска и социјална сигурност. Така да во тој дел барем за мене нема никаков проблем ниту пак има одредена дилема.

Во целина гледано ако ги набљудување сега сите агрегирани податоци кои треба да бидат присутни, добиени од информации кои треба да се опфатат со пописот, прашалниците како средство за вршење на пописот мислам дека овој закон можеме да го сместиме во еден од поквалитетните закони во Европа.

Јас лично сакам да расчистам една дилема бидејќи овде пратениците се хетерогена структура па имаме и национална припадност Јас сум учествувал на неколку пописи во кои пописи присуствувало население од мешана популација. Сум бил и како контролор и како попишувач. Верувајте јас никогаш не сум имал проблем со граѓаните. Изгледа ние пратениците имаме проблем сами со себе. Така го потенцираме проблемот дека човекот изгубил доверба во некого заради тоа што не ќе може да му ги даде одредени податоци. Јас ве уверувам дек населението е толку информирано да може сосема коректно да си го даде податокот. Меѓутоа се залагам она што е сместено во Законот нека има доверба и во оној што попишува и во партии итн., така да содржината и образложението на законот комплетно го прифаќам и го поддржувам донесувањето на овој закон.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Со оглед на подолгиот прекин на расправата чувствувам потреба да потсетам на некои искажани ставови на едно од претходните продолженија.

Како пратеник на ВМРО-ДП сакам да пренесам дека нив оценуваме оти законот мора да биде донесен заради тоа што е од национален и државен интерес и затоа што тоа е суверено право на македонската држава. Притоа не може да се прифатат никакви отстапки особено во делот на уставното регулирање на употребата на македонскиот јазик како единствен службен јазик во Република Македонија и македонското

кирилично писмо.

Што се однесува до употребата на јазиците на малцинствата

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам уставниот термин употребувајте го.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Ја допуштаме можноста таквата употреба да биде овозможена со превод кој ќе се наоѓа на обрасците кои во основа ќе бидат на македонски јазик а во заграда и на јазиците на малцинствата во оние единици на локална самоуправа каде што тие претставуваат мнозинство или значително учествуваат во популацијата.

Сакаме исто така да укажеме на опасноста што објективно може да се случи од повторно бојкотирање на пописот. Притоа македонската држава има право а и мора да го спроведе пописот со употреба на сите механизми на правната држава.

Отпорите кои се најавени спрема пописот пред се од пратениците на ПДП доаѓаат од фактичката состојба.- Имено под покровителство на ПДП во 1991 година сепак се остварени сите активности и тие внатре во партијата го завршија пописот на албансхата популација во РМ. Според документи што имавме можност да ги поседуваме а кои што се партиски документи на ПДП јасно е дека тие самите има направено анализа заради претстојниот закон за државјанство кој требаше во тоа време уште беше актуелен да се донесе и фактички познавајќи ја ситуацијата затоа што луѓето што работат во тие матични служби во општините се исто така припадници на таа партија и тие во своите проценки ја имаат утврдено приближно за оваа варијанта што се операционализира со законот за државјанство, бројката која всушност не сакаат да ја признаат јавно дека албанската популација легално во Македонија е помалку од

18%. Тие притоа имаат и попис на сите диви населби во кои престојуваат нелегално популации што значи механички прилив а што е констатирано и од страна на ПДП. Заради тоа се тие отпори и нормално е дека Македонија како суверена држава сите тие луѓе треба да ги сведе во статусот на странци со привремен престој.

Исто така отпорот произлегува и до фактот дека ќе се остварат објективни услови за контрола на даночната обврска на сите граѓани без оглед на нивното етничко потекло во РМ, нешто што отсуствува во оваа даночна сфера но исто така и во сферата на комуналиите, образовната и здравствената сфера.

Бидејќи во самата процедура се доведува во контекст и остварувањето на правата на малцинствата во РМ, значи само по себе се подразбира дека ова во врска со донесувањето на Законот за пописот не може во целина да се оддели од прашањето на нивото на остварени малцински права во РМ. Во однос на тоа ние сметаме дека ориентација треба да биде залагањето за единствениот модел на малцински права на Балканот, што само по себе подразбира да биде вграден принцип на реципроцитет. Инаку тука слушаме доста приказни но во Парламентот може и прикаски да се раскажуваат.

**ШУКРИ РАХИМИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги пратеници, Јас се прашувам зошто губиме време со разни нагаѓања околу ова, околу она, околу расправа за да го правдаме еден непотполн, не соодветен и за никого користен попис. Се изнесуваат мислења, а тоа на претходната седница беше дека ПДП бара да се одложи пописот со што се прикриваат настојувања за сепаратизам. Тоа е најголем апсурд што може да се слушне само во нашиот Парламент.

Пописот никому лично не е потребен туку тој е потребен на која ја сочинуваме сите ние. Меѓутоа, на државата и е потребен да се знае точен број на населението што ќе и послужи за децидно општествено планирање како и за општи потреби на државната администрација. Јас не знам кому не му одговара да се изврши таков точен попис како што е потребен за да се има точна евиденција како за населението така и за домаќинствата. Ако не пред јавното мнение да се пласираат произволни податоци од разни поединци кои се загрижени од нивните разни мотиви и побуди.

ВО денешна "Нова Македонија" во врска со ова пишува односно се вели дека помеѓу Владата и стручњаците на Европската заедница постојат некои несогласувања па поради тоа се закажани преговори меѓу споменатите фактори да ги усогласат ставовите. Околу тие прашања чини ми се и нашите несогласувања се движат. Во весникот се вели дека експерти на ЕЗ не можат да ги разберат нашите околност јас сметам дека треба да стои - како тие не можат да ги разберат нашите оптоварени глави и души што не ни дозволуваат да ги решава» работите како што треба.

Дајте да се концентрираме околу три четири члена односно членовите 4,35 и 38, значи околу три-четири прашања кои се неусогласени да ги разрешиме и да не губиме драгоцено време расправајќи само за овој закон веќе две недели, а пред нас стојат доста други обврски кои треба да се решаваат, а овој закон еднаш веќе да се симне од дневен ред.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, ќе бидам краток. Меѓутоа сакам да укажам на еден факт што овде постојано е изнесуван но ние не сакаме да го прифатиме и како политичка партија на која ја и припаѓам, а овде на говорницата беше даден еден предизвик и треба да се даде еден

одговор. Меѓутоа, со оглед на состојбите кои се случуваат во РМ, а и она што претходниот дискутант го истакна дека овој закон како целина не е спорен, меѓутоа само неколку членови,а кои тоа во суштина се сржта на овој закон што ќе го даде вистинскиот и реален попис на населението , домаќинствата и становите во РМНие не треба повторно да се враќаме во лавиринтот на стапицата што ни ја подготвува ПДП и НДП.

Ако на претходниот попис во 19 91 година ние како членови на Комисијата за избор и именување укажувавме дека при формирањето на тие комисии, при спроведувањето на тој попис не треба да се политизира, не треба политичките партии да се инволвираат во таквите структури и да прават свој маркетинг а исто така да прават популација која не одговара на реалниот процент во РМ. Меѓутоа, ни се случи тоа што се случи и повторно на повидок. Уште едно сценарио, но овој пат очигледно разврската е при крај. При крај е разврската за- тоа што овие членови за кои претходниот дискутант зборуваше се во коалиционата Влада. Ако овој Парламент има доволно мнозинство и ги спроведе нивните барања, амандмански или на било кој начин тогаш е сосема јасна тенденцијата. Меѓутоа ние како целокупен Парламент, а и од она што деновиве се виде поради расцепот во ПДП и НДП на два конгреси и според нивниот веќе направен попис во РМ за домородните албанци кои се постојани жители на РМ и за оние албанци кои се дојдени по различни основи од Косово, Санџак, Србија, Босна и од Албанија тука е сосема очигледен проблемот кај нас. Заправо не кај нас како Македонија како држава, проблемот е во самата политичка партија ПДП-НДП. Нека се мислат оние пратеници кои во овој македонски парламент направија коалициона Влада, меѓутоа не можат да ги спроведат барањата на албанците кои по механички прилив се дојдени во РМ и оттука доаѓа проблемот кој сега повторно ни го сервираат нас овде на говорница.

Само неколку члена, многу тивко суптилно, тивка вода брег рони. Неколку члена да промениме како што велат и пописот може да се одвива. Нашиот став за пописот е сосема јасен. Ние го кажавме , предизвикот беше даден овде од страна на нашите пратеници од нашата политичка партија и немаме никакви дилеми. Дилемата е кај ПДП и НДП. Ако таму веќе се расчистат тие односи, мислам дека овој попис во РМ ќе ја каже правата вистина и ќе може РМ врз основа на тој попис да ги планира сите законски прописи и да ја планира целокупната стратегија на развој, економски стопански итн., па дури и популационен. Инаку не може овде од еден говорник да каже дека со овој попис ќе се покаже дека РМ е хетерогено општество. Нека стане истиот господин и да ми каже дали една од соседните земји не е хетерогена држава. Во секоја дотична соседна земја има помалку конститутивен народ од оној што ќе го произнесат малцинствата. Тоа е случајот и за Албанија и за Бугарија и за Грција. Само во овој случај единствено Македонија е таа што граничи со свој народ која има над 6 милиони жители, а овде повторно ни се сервира нешто што треба вештачки да го прифатиме и да наседнеме на една стратегија која долги години се спроведува во РМ. Ми е жал многу што морам да ви кажам .дека често пати се спуштавме на вашето јаже. Овој пат нема да погрешиме. Затоа што е гнило и ќе се скине.

VIII/1.-CJ/МЛ

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, како што сме ја почнале расправата по овој предлог за донесување на закон ќе го пречекориме и рокот, заправо, утврден со тој закон. Јас тоа што имав да кажам во суштина во врска со законот, кажав претходниот пат и сега ниту имав намера да се јавам, меѓутоа од неколку дискусии го користам правото да кажам неколку збора.

Прво, овде честопати се апелираше од оваа говорница дека Албанците треба да бидат одговорни воопшто, а посебно по однос на законот за попис односно во целина за пописот. Мислам дека тоа не е спорно и ниту би требало да биде спорно, меѓутоа треба да се има во предвид и фактот дека поодговорни треба да бидат сите други и државни институции, политички партии спрема Албанците. И, тој реципроцитет сигурно ќе биде доста природен и ќе биде доста ефикасен. Бидејќи ако не се покажува одредена одговорност обострано, тогаш сигурно дека ќе има проблеми кои што воопшто ги има.

Некој овде ка оваа говорница неколку пати го искажа зборот "кога", кога би се минусирале овие, кога би се додале овие односно тоа, кога овој збор "кога" би продолжил до крај тогаш јасно ќе дојдеме до сознание, а тоа е научно сознание дека Албанците, односно нивните предци први му дале живот на ова поднебје. Тоа е научно докажано и затоа нема потреба да е смешно.

Често пати овде се кажа и зборот "бојкот". Рековме неколку пати што беше причината за бојкотот, во врска со пописот во 1991, а јас сега само ќе потврдам дека ....

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Научните вистини на научни симпозиуми соопштувајте ги.

VIII/2.-

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

За бојкотот во 19 91 година јасно беше кои беа причините, ги кажавме, а јас ќе повторам дека основната причина е недовербата во бројките односно недовербата кон Заводот за статистика затоа што во тој Завод не е вработен ниту еден Албанец. Е, сега, да ги поставиме работите некако поинаку. Кога во Заводот за статистика би биле вработени исклучиво Албанци и би спровеле попис за цела Република, какви би биле реакциите од другите и затоа мислам дека тука е сосема јасно дека кон овој правец треба да се создаде доверба кон сите работи, а посебно кон пописот. Благодарам.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, попишувањето на населението во Република Македонија ќе претставува заокружување на сите политички и други активности во поглед на конституирањето на Македонија како суверена и самостојна држава. Затоа оваа друштвена и државна определба во никој случај не треба да претставува пречка за зацврстување на друштвената и економската положба на Републикава туку нејзина понатамошна афирмација како држава која се обидува за процесите на демократизација на односите да се спроведат одлучно и во корист на сите нејзини граѓани.

Сосема тендициозни и злонамерни се тврдењата дека успешното спроведување на процесот на пописот ќе биде додатен елемент за дестабилизација на меѓуетничките односи во Републикава и дека тоа ќе претставува чин, предавство од страна на тие што тоа го организираат. Организирањето на пописот на населението под меѓународна контрола, односно со стручна и економска помош на институциите на Советот на Европа ќе ја потврди демократската определба на Републикава и ќе ги

остави сите можни официјални и неофицијални шпекулации околу бројот на граѓаните без оглед на нивната национална, верска и друга припадност во Републиката. Тоа ќе биде чекор напред кон зачленувањето на Република Македонија во европските и светските економски и политички институции, овој пат чекор кон зачленување во Советот на Европа. Секое одбивање да се почитуваат европските критериуми на некој начин ќе значи дека не постои добра волја и спремност од страна на одредени организирани политички си- ли, државата да стане рамноправна членка на тие меѓународни институции. Меѓутоа, непочитувањето на укажувањата од страна на експерт- ската група од страна на Европскиот Совет во однос на попишувањето на семејствата и домаќинствата во Република Македонија ќе значи дека институциите на државата имаат негаторски однос кон светската наука и со тоа ќе се покаже неспремност за приклучување на Република- ва кон семејството на Меѓународната заедница.

Некои знаци за непочитување на укажувањата на експертската група со образложение дека живееме во посебни економски и политички услови, во една земја каде живеат припадници од разни национални колективитети, не само што се неприфатливи туку се и штетни за односите во државата. Секој обид да се споредат односите во Републиката со политичките и економските односи на други земји не е соодветен со реалноста од гледна точка што Република Македонија со ниеден критериум не може да се спореди со високо развиените земји на Европа. Ние сме земја со млада демократија, слабо развиен општествено - политички односи, со неразвиени економски односи и земја која е зависна на економски, политички па дури и воен поглед по однос на високоразвиените европски земји.

VIII/4.-

Тргнувајќи од тоа сметам дека секој реален попис кој ќе одговара на вистинските околности во Република Македонија треба да биде прифатлив од сите политички групи и од сите граѓани во Републикава. Никаква основа немаат тврдењата дека со стручната и економската помош што ќе се добие од Советот на Европа ќе се нарушат односите во државата, односно дека Македонија ќе ја загуби нејзината сувереност. Напротив тоа ќе биде во полза на зацврстувањето на соработката на Републиката со европските политички економски институции.

Некои определби внесени во одредени членови на Предлогот за донесување на закон за попишување на семејствата и домаќинствата не само што не се прифатливи туку не се во склад со позитивните определби зацртани во Уставот на Република Македонија. Илустрација на ова, е член 4 од Предлогот на законот кој е во функција на дискриминација на граѓаните по однос на нивниот престој во земјава или надвор од неа. Сметам дека ова е единствен пример на еден законски акт каде е предвидена таква дискриминација. Категоризирањето на граѓаните на граѓани кои престојуваат во Република Македонија и граѓани една или повеќе години се на работа во странство е непримерен чин на едно државно законодавство.

Од друга страна пак, инсистирањето на предлагачот на законот лицата кои се опфатени во пописот да се должни да покажат низа документи не е ништо друго туку намера да се установи бројот на граѓаните на Република Македонија кои се државјани на истата. Пописот на населението нема за цел да утврди колку граѓани се државјани на РМ туку во дадениот момент колку жители брои истата категоризирајќи ги според нивната национална, јазична и верска припадност. На тој начин ќе се дознае вистината околу составот на населението во Република Македонија и ќе исчезнат сите можни политички манипулации. Секое

инсистирање на пописот да се покажат одреден број на документи за идентификација за нас не само што е неприфатливо туку е и злонамерно.

Посебен интерес во Законот за попис на семејствата и домаќинствата претставува поглавјето околу начинот на пополнувањето на формуларите. Предлагачот на законот тргнал од некои сопствени побуди кои немаат основа во европските документи, кои ја третираат проблематиката употребата на јазиците во јавна и службена комуникација. Заложбата на експертската група на Советот на Европа дека формуларите за попис треба да бидат на јазикот на попишувачот е со- сема реална, па дури и обврзувачка. Сите тие кои ги негираат мислењата ка експертската група тоа го прават или од незнаење, недоволна лингвистичка култура или пак од тесноградност или националистичка определба.

На крај сметам дека сите политички организирани сили во Собранието на Републикава треба да вложат максимални напори за .да се усогласат спротивставените ставови околу клучните прашања во Предлог на законот за попис на семејствата и домаќинствата и со тоа ќе дадат голем придонес во афирмацијата на започнатите демократски процеси во Републикава и придонес кон приклучување на Републикава кон меѓународните политички и економски институции.

Благодарам.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас не би сакал да се повторувам со дискусиите на претходните пратеници од едноставна причина што смета дека многу дискусии, во голем процент се повторија и непотребно е оптоварен Парламентот со такви непотребни дискусии. Меѓутоа, во однос на законот ќе го земам правото да искажам некои свои согледуван

во смисла на тоа што сметам дека има непотребно внесени некои работи, а исто така и причините поради кои треба да се донесе овој закон а се дадени во воведот на овој закон, ми дава за право да се осврнам и на некои состојби station наназад.

Не можеме да избегнеме од фактот дека се работи за еден мошне значаен закон, законот за попис на населението и дека ваквиот закон треба да се донесе и мора да се донесе затоа што значи извесно системско заокружување на нашата државност. Меѓутоа,некои енигми кои останаа и негативни траги што ги остави минатиот период од- носно 1991 година кога се случуваше претходниот попис, сепак даваат одредени состојби на кои јас би сакал ете накратко да искажам свое мислење.

Сметам дека бојкотирањето на пописот од страна на албанското население кое се случи тогаш можам да го анализирам едноставно по мое од економски аспект, тие си го анализираат од свој политички аспект, од своја гледна точка, се залагаат за нешто што сметаат дека им припаѓа и тоа е сето во ред, меѓутоа јас би кажал од економски аспект што губи оваа Република затоа што такви настани неретко се случуваат на овие простори, така можам за кратко да се навратам на настаните во РЕК Битола кои оставија материјални белези за оваа Република, можам накратко исто така да се осврнам на однесувањето на СДС за време на претходната година, за време на летото кога беа дискутирани законите за избори и одржавме десетина седници, непродуктивни, без никакви значајни работи, ништо не се донесе, а се направија трошоци кои само го оптоваруваат Буџетот, и онака срамниот буџет на оваа Република.

Верувам јас не би сакал и овој нареден попос, не гледам некои особени гаранции од ПДП и НДП дека свесно полно се подготвени дека ќе пристапат на овој нов попис, дека истиот нема да биде пак бојкотиран

или не би го дал сега тоа право повторно на оваа пратеничка група да направи пак таков трошок, бидејќи не е мал трошокот со тоа што пак да настанат некои ситуации што ќе одат на штета на Републиката. Сепак треба да се постигне консензус по одредени прашања. Она што беше главна пречка во претходниот попис барем во бојкотот на ПДП и на населението од албанската националност сега во овој нов закон ми се чини дека е избегнато, меѓутоа сите оние забелешки кои ги даде пратеничката група на ПДП во сите дискусии кога учествуваше по овој закон ми дава за право да се сомневам дека повторно ќе имаме некоја гаранција дека тој попис ќе оди така релативно добро во смисла на тоа што уште сега чувствувам спремност кај пратениците дека ќе настапат со голем број амандмани и< ќе значат наново кочење на овој закон, бидејќи овој закон веќе е во предлог, треба едноставно да се даде виза да се донесе истиот, ја се плашам од едноставно повторување на овие веќе чуени дискусии, со амандманите, затоа што главните точки кои ќе бидат спорни ќе не однесат во непотребни национализми.

По однос на законот би се искажал, ми создава една мала енигма во однос на тоа што Републичкиот завод за статистика дал свое мислење до Владата дека треба да се изврши дополнителен попис иако претходно бил на мислење дека треба да се изврши нов попис, пардон иако. претходно бил на мислење дека треба да се изврши дополнителен попис. Тука не е така добро објаснето зошто се оди на нов попис на се повикуваме на одредени меѓународни организации и асоцијации, едноставно не е доволно објаснето зошто да не се изврши дополнителен попис ако веќе поголемиот дел од населението се попишал зашто да не може да се попише и останатиот дел кој не се попишал, а новиот закон не дава пречки, барем она што беше како главна причина за бојкотирање на пописот истите тоа да не го сторат.

VIII/8.-

Така едно мало размислување во смисла на тоа дали можат да се избегнат одредени финансиски непотребни трошоци, а сепак главната цел да биде постигната. Јас мислам дека главната пречка за сопираше на овој попис е содржана во членот 35 и веќе проблемите во тој дел се далеку надминати.

Јас би укажал во однос на Нацрт-законот кој е тука, ми се чини дека содржи непотребни одредби во однос на финансирањето на пописот. Во членот 50 стои "меѓународни организации и асоцијации кои доделуваат средства за подготовка и спроведување на пописот во вкупен износ од милион и 515 илјади 454 САД долари".Јас сметам дека оваа цифра која првенствено егзистира во овој закон е непотребна од причина што јас не верувам дека овој попис толку ќе чини од едноставна причина што по показателите, а за кои јас навистина овој пат немам веродостоен документ, меѓутоа можам да се сомневам во веродостојноста на документот кој може да ми биде презентиран од мои лични согледувања, сметам дека овој попис ќе чини многу повеќе, ако нешто се влече во однос на претходниот за кои кружат одредени цифри дека истиот чинеше 4, односно помеѓу 4 и 5 милиони марки, а не беше целосно завршен, значи ако целосно беше завршен ќе беа трошоците уште поголеми, сметам дека оваа бројка не е реална, исто та ка и гаранциите кои стојат во овој закон дека целосно пописот ќе с покрие од меѓународни организации. Јас не верувам дека нема да се зафатат средства од Републичкиот буџет. Сакам едноставно да укажам дека треба да се внесува она во закон што е реално и како што е, затоа што навистина оваа цифра нема да ги задоволи трошоците во однос на пописот.

**АЦО СПИРОВСКИ:** ((Продолжение)

Сметам дека и понатаму одредбите што следат во членот дека понатаму ќе се склучат меѓународни договори, тоа не може да боде предмед во овој закон. Некоја идна претпоставка дека нешто ќе се случи а немате сигурни гаранции ние го внесуваме во законот. Едноставно да се прашаме што ако не се потпишат тие договори и што ако не се добие таа цифра -што овде фигурира. Ќе тужиме ли некого или како? Односно пак да се навратиме сепак Републичкиот буџет ќе ги покрие овие трошоци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани колеги, мови повеќе за да земам збор во расправата добив со последните дискусии и добив впечаток и пред се тоа беше причина да изразам и лично задоволство што скоро сите пратенички групи го поддржуваат предлогот за донесување закон. Мислам дека конечно и ова не е изгубено време иако 5 дена расправавме од потребат. за донесување на овој закон, затоа што навистина се работи не само за значајна статистичка операција, туку за значајна државна работа.

Дискусиите што овде одеа во прилог да се укаже на Владата во подготвувањето на предлогот на законот, да ги почитува, респектира различните интереси на пратеничките групи и пратениците поединечно и верувам дека Владата ќе предложи квалитативно подобар текст од овој што го имаме, односно како предлог за донесување закон.

Сакам да го поддржам предлогот за донесување закон од две основни причини:

Првата е што со пописот што ќе го спроведеме добиваме квалитативно нова состојба за разлика од онаа што ја имавме од 1991

година кога е одржан пописот. Сега имаме состојба на суверена, самостојна македонска држава што не беше случај во 1991 година. Многу население тогаш кое беше во Македонија сега .веќе не е тука. Исто и со ЈНА замина дел од некое друго, население а друго и дојде во Македонија. Друго и економските ресурси се други, па ако сакате и пошироко и сите потенцијали со кои располага Републиката денеска.

Така што, независно што овој попис е иницирам од бојкотот на Албанците на пописот од 1991 година, и тоа да не беше мислам дека Македонија како држава добро е да се определи за нов попис наспроти сите овие услови што беа во 1991 година. Затоа што пописот, едноставно, открива многу вистини и спречува многу основи за шпекулации и лаги. Верувам на сите нас и во Парламентот а особено на граѓаните на Македонија им дошло до тоа да ја слушнат вистината за состојбите во Македонија. Многу ќе помогне и за водење на правилна демографска политика, за просторниот план, економскиот план, ако сакате и за конципирањето на системот на образованието, на здравството итн., врз многу реални основи. Според тоа, и ако го немавме уште повеќе што имаме шанса тоа да го финансира Советот на Европа иако и Македонија, не е ерес да кажам и тоа дека заради сопствените државни национални интереси и треба да помогне во неговото финансирање доколку овие средства не бидат доволни.

Според тоа, ако на преден план ги имаме и државните интереси ако го има тоа државничко чувство и националните интереси, мислам дека ќе најдеме решение и за јазикот во пописот и за документите што треба да се приложат и за евиденција на времено присутните во Републиката и за времено отсутните и за сите спорни прашања што доминираа овие неколку денови во меѓупартиските престрелки овде, ако го имаме, велам предвид државниот и националниот интерес можеме да најдеме решение да се надминат овие спорни прашања. Јас во тоа верувам

Според тоа, да заклучам, мислам дека е добро да дадеме шанса на Владата побрзо да го подготви Предлогот на законот, затоа што практиката во светот покажува дека пописот е најреален, најобјективен, доколку се прави во период кога нема голема раздвиженост на населението. Тоа значи или рана пролет или доцна есен. Ниту може да биде реален во летниот или есенскиот период и затоа е добро да се договориме побрз тоа да го реализираме ако веќе стои определба и од Законот пописот да биде во април. Инаку, пак ќе се доведеме во ситуација некој да се сомнева во бројот на разните национални групации.

Второ, мислам дека е многу добро Македонија да го спроведе овој попис заради тоа што покажа една демократска зрелост пред свет- ската јавност за разлика од нашите соседи кои манипулиразки со бројки доведе до состој ба каква што имаме во нашето непосредно соседство. Македонија има висок политички кредибилитет во очите на светската јавност, што покажува, еве и меѓународното признавање и тој факт треба да го искористиме во полза на нашиот државен интерес да напра- виме попис што ќе има и економски и социјален и политички и меѓународен интерес.

**Т0ОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Даме и господа мора да правиме разлика помеѓу врстите на закони што се носат. Овој закон припаѓа во групата на таканаречени употреби па фрли. Тој се донесува да се спроведе пописот и да престане да важи. Треба да оцениме дали треба да донесеме таков закон или ќе донесеме закон што ќе ги определи рамките што треба да се спроведе да остане сталeн закон, само да се додадат измени и дополнувања кога ќе треба да се спроведе пописот.

Поради ова еден закон во 1990 година, не ова Собрание, во претходниот созив, на 26 октомври има донесено закон за попис на

населението, домаќинствата, станови и земјоделските стопанства во 1991 година. Во 1991 година, настанаа спорови околу тоа дали ќе имаме двојазичност, дали ќе имаме државен јазик или ќе имаме јазик кој ќе одговара да биде основен во работата на државата.

Последица од таквото недоразбирање дојде таканаречениот бојкот некој да не излегува на пописот. Сега, одеднаш доаѓаме да прифатиме еден бојкот, таканаречена граѓанска непослушност да добие државна покорност и извршување. Законот не е проблем да се донесе. Проблем е дали ќе направиме да создадеме навика штом некој ќе оспори нешто ние веднаш да одиме лудо да докажеме дека е тоа така или поинаку. Ова го говорам, сакам да кажам начелно што мене како човек и пратеник во ова Собрание ме доведува на поинакво размислување од она дека треба да се донесе овој закон.

Во Предлогот на законот што се нуди во член 90 се говори само за финансиската конструкција од помошта што ќе ја дадат меѓународните институции во висина од еден милион и 500 и нешто илјади долари. Меѓутоа, ако ова беше прв попис, ако треба оваква работа да се врши прв пат, јас ова ќе го сфатев и ќе го примев како готово за свршено. Меѓутоа, се повикувам на законот од 1990 година а за пописот во 1991 година тој, во членот 20 глава IV - финансирање на пописот, во член 23 прави финансиска конструкција за спроведување на овој попис, односно на тој попис. Оценувајќи ги трошоците што треба да се спроведат дава една конструкција во висина од 153 милиони 662 и двеста тогашни динари. Ако се земе дека овој закон е носен во време кога германската марка во соодносот со динарот на СФРЈ што беше платежно средство тогаш на оваа територија беше 7 динари една германска марка,господа дали некому ќе му биде драго, мило или не, изнесуваше рамно 21 милион 951.742 илјади германски марки. Ако се спореди тој однос на попис, бидејќи практично треба да се вршат исти работи, ние имаме во

конструкцијата за решавање на овој проблем 1 милион и 500 илјади долари. Или како од ФАРЕ најавуваат дека ќе се финансира ова со 2 милиони еки.

Ако е ова вака, дали некој кој изразува недоверба или не сака да се попише или врши бојкот, ние пред една недела да кажам овде имавме голема расправија да добиеме кредит од 25 милиони долари со што ќе вршиме економска интервенција, ќе создаваме живот во Република Македонија. Сега одеднаш ние треба да направиме за попис економскиот дел д« го заборавиме само заради тоа што некоја си групација изјавила недоверба а таа иста групација и денеска немаме гаранција дека ќе излезе на пописот, ќе направи нови трошоци од 15 милиони долари. Дали стабилност на државата односно економскиот ефект и потребата за средства не ги доведуваме во прашање. Тоа е од економски аспект и веднаш се поставува прашањето дали овде не се доведува во прашање и политичката стабилност на државата? Можеби ќе има размислувања дека ќе има политичка стабилност па што сака да биде со економската стабилност. Со празен стомак нема политичка стабилност. Со празен стомак има и политичка и економска нестабилност.

Ова никој не не принудува да го направиме, меѓутоа и во воведот тоа е размислување на управниот орган за попис дека, ете, да не ни се приговара ќе извршиме нов попис. Кога се преговарало за нов попис претставници ан Владата и претседателот на Републиката се согласиле пред меѓународните институции дека ќе поднесат 1;</3 од трошоците. Меѓутоа кога втор пат отишле на преговарање се откажале од покривањето на ти трошоци. И, ако може некој сега да ме увери дека со два милиони еки или 1,5 милиони долари, овој попис ќе го спроведеме да докажеме како некои колеги овде тврдат колку сме, што сме, од каде сме, до каде прв пат треба да водиме сметка дали ќе можеме да се попишеме.

Јас и понатаму господа тврдам дека пописот има меѓународни стандарди. Нема меѓународни обврски. Меѓународните стандарди се однесуваат за времетраењето кога ќе с& врши пописот. Пописите вообичаено, тоа е стандард се вршат на 10 години, кога фактички настануваат промени. А, во политички нестабилни средини може да има и други пописи. Дали со ова сега Собранието ќе покаже дека ние навистина имаме политичка нестабилност, а секогаш тврдиме дека сме политички стабилна средина.

Ова се прашања на кои ќе мора да одговориме како држава.

Господа, уште една друга работа, во ова Собрание составот е таков да има политички противници, политички состав. Меѓутоа, државниот однос на сите треба да ни биде еднаков, да имаме државна подлога, државен интерес и тогаш да видиме дали во овој момент од гледна точка на државноста ќе треба да го уриваме економскиот основ, да направиме трошоци од некаде 15 и повеќе милиони долари. Ова, реков, го заснивам само на доказ, еве го тој закон, објавен во "Службен весник на РМ" број 36 од 8 ноември 1990 година. Таму дословно стои,ќе мора да прочитам, што не ми е вообичаено да се враќам назад вака стои конструкцијата:

"За 1990 година во Буџетот на РМ ќе се обезбедат средства во висина од седум милиони динари".

Во 1991 година кога ќе се спроведува пописот ќе се обезбедат 142.421.800 илјади динари.

Во 1992 година, во Буџетот ќе се обезбедат 2 милиони 208 илјади и 800 и во 1993 година ќе се обезбедат 2 милиони 031 илјада и 600 денари. Никаде предлагачот не кажа што е судбината и со кој дефицит влегуваме со овие средства. Кога овие средства ќе се претворат и се додадат нови издатни средства, тогаш дали усвоениот дефицитарен буџет не го доведуваме во нов дефицит што нема да се покрие со

дефицитот од 107 милиони долари што, наводно, се земаат за развој, меѓутоа се зема од банките да биде за да се врати долг, односно да се обезбеди сигурен враќач на поранешниот долг.

Ова се се моменти што ме наведуваат да размислувам поинаку од предлагачот и кажувам, закон ни треба, а потребата дали ќе го направиме ова, треба и те како да се замислиме.

Ако се додаде на тоа и вториот дел на што мислев да се задржам по однос на содржината на Законот во начело, ќе приговарам дека во одреден дел дефиницијата за домаќинство, стан и други населени простории, земјоделските стопанства ќе бидат дадени во методологијата што ќе ја даде надлежниот орган. Тогаш, се прашувам до кога ние ќе имаме закони недоречени, а методологијата ќе се определува со додатен акт.

Понатаму, господа се додава една недореченост, кој ќе го спроведе ќе го организира и изврши подготовки за пописот. Се набројува дека е тоа републичката организација надлежна за работи од областа на статистиката, општинските пописни комисии, републичките структури и контролорите. А, на крајот вели попишувачите се тие што директно делуваат. Значи, во конструкцијата тој што навистина ќе го спроведе законот го нема.

Имаме една друга, за мене, несфатлива одредба, стои прв пат се дава во член 24 кој ќе биде критериумот за определување на бројот на членовите на општинските пописни комисии. Се дава соодветно на бројот на населението. Веднаш по тоа, во наредниот став се додава дека според пописот од 1991 година, во тие пописни комисии, ако изнесува над 1%, во пописните комисии и од тие колективитети ќе биде задолжително по еден член.

Замислете да имаме сега 90 такви односи, дали овие пописни комисии сега ќе можат да работат. Да имаме 15 и плус 90, затоа што сите се над 1%, ќе имаме 105 или 115 кои ќе бидат основ на таа Комисија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Нели е да се направи некоја отстапка на некоја политичка формација се доведува и квалитетот на Законот. Исто така, во овој Закон предлагачот дали свесно или несвесно поради составот на Владата има нешто сигурно што го навел ова да го прави.

По одредбата на член 30 се говори за бројчаноста на застапеноста на попишувачите. И заведува ако во таа средина има 20, па се над 20% за значителен број, да не сака на мала врата да се протне и одредбата од Законот за локалана самоуправа каде се дава проценти токму во смисла на ова што и каде ќе има во употреба јазиците на малцинствата. Сметам дека ваква работа не ни е потребна од причина што процентот никаде не е математичка бројка, туку е политички однос за државата према тоа кој процент ќе претставува значителен, односно поголем број или мнозинство. Затоа, додека го нема тој закон да не манипулираме со вакви мали закони за една употреба да создадеме една друга навика и таму веќе да имаме решение законско, па да дојдеме во ќор сокак со решението од Законот за локалната самоуправа. Мојата интервенција за што сакам да се обратам дами и господа што сите неспорно говорите дека спорниот однос е во одредницата на член 35. Треба да одговориме дали ова е интерес на државата или државата ќе спроведува пописи на службениот јазик, по одбележје на државата како институција, или ќе водиме пописи по маали по потреба на некојси, дали на еден, на два, на три, на пет, па се споменува дека меѓународната организација била за тоа да се спроведува на два јазика. Од каде право на меѓународна заедница да избере два јазика. Ако едниот е службен јазик е уставна категорија, другите се дадени алтернативно према бројот, односно застапеноста на малцинствата, тогаш дали и Меѓународната заедница на

преќутен начин да ни воведе двојазичност во државата, ако веќе се определува за два јазика, нормално е да се кажат кои се тие два јазика. Овој спор мора да го надминеме и да се реши само на принципот државност и во тој случај доаѓа одредбата од член 7 став 1 дека во Македонија како држава службен јазик е македонскиот јазик и кириличното писмо. Јас г-да ќе ве потсетам кога се говореше за оваа одредба со Уставот кога се донесуваше имав едни свои настапувања овдека и говорев ајде да се одлучиме да направиме државен јазик и да го решиме прашањето трајно, да не се натпреваруваме секој ден ќе имаме овој или оној јазик. Тогаш некому му бодеше очи дека не треба таква работа. Еве сега се пренесува војната ако еднаш бидеш кукавица до век ќе останеш тоа. Затоа мора еднаш да пресечеме Државниот јазик е Македонскиот јазик и сите работи од државен интерес така ќе се спроведуваат и оваа одредница да ја нема.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Прашањето кое е предмет на дневниот ред побуди голем интерес, па затоа имаше и повеќе говорници. Меѓутоа», веднаш ќе запрашам дами и господа пратеници, зарем очекувате како народен граѓански пратеник да им аплаудирам, или да им аплаудираме на оние кои ги кршат законите и ги боли што им се кршат одредбите од статус на хартија. За мене е подобро да се расчистат некои прашања во фаза на предлог за донесување на законот, отколку исто да расправа да се повтори при предлогот на законот, за да со поднесените амандмани кои што би претпоставиле би биле поднесени според излагање на одделни пратеници, Законот и да не го донесеме. Пописот во 1991 година, се предлага оваа 1994 година, а репризата ја најавуваме веќе три години. После тоа попис во 2001 година како и секој нормален цивилизиран свет според правилата на меѓународната заедница. И тоа попис не како цел

сам за себе, туку пред се заради национални планирања, научни истражувања, статистички цели, ажурирање на единствениот регистар на населението и единствениот регистар на пописните единици. Барем така се практикува и таква е практиката. Недај- боже во меѓувреме до 2001 година да имаме уште некој. Попис во 1994 година може би и ќе има, меѓутоа, треба да ние јасно дека со ова барем за мене не се прави некаков транзитен период, период на еден нов уставно правен систем и случни конструкции. Демек, во изминатиот период е направен еден таков попис во 1953 година пет години од пописот во 1948 година за мене лично овој попис каков сака нека се нарече се предлага заради тоа што на повик на една политичка партија или коалиција ПДП-НДП, пописот во 1991 година беше бојкотира пред се од албанската популација во Македонија. Имајќи го пред нас денес Предлогот за донесување на закон за попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во 1994 година, сосема оправдано се поставува прашањето кои се причините и,образложението на предлагачот за организирање нов попис во оваа 1994 година и кои се целите кои се сакаат да се постигнат, пред се за да се убедиме како пратеници од оправданоста и потребата за нов попис или од целисходната на неговото одржување. Инаку, демагогија би било тврдењето за попис во 1994 година, но ако се исполнат следните барања. Во спротивно повторно останатите пратеници, 97 македонци во овој Парламент ќе бидат виновни за бојкотот на пописот. Може и да а прифатам донекаде аналогијата дека за сите недостатоци кај некого виновникот се бара кај другиот. Но истава рецаија важи и во обратна насока. Мнозинство - малцинство, малцинство - мнозинство. Инаку, апсурден ќе биде целиот систем на правната држава во стилот виновен не е сторителот за кривичното дело, туку оној што го санкционирал тоа кривично дело, затоа што ако делото не било санкционирано сторителот не би одговарал кривично. Секоја правна

држава си има и заштитни механизми на сопствениот опстанок и уставен поредок и оној кој тие норми ги прекршува ги сноси поединечно санкциите на сопствените недела. Затоа лично сметам дека во Законот за пописот во форма на предлог за донесување казнените одредби треба да останат. Тука повеќе не помага и не може да помогне мојата етничка припадност или потекло. Етничкото потекло и припадност тука веќе немаат никаква основа за да се сметаат како алиби за ослободување од одговорност. од стореното дело,односно недело казниво и сан киоцнирано во законите на државата. Не може човек само да седи кога се расправа за попи на населението, да одамвнува со рака и да слуша бројни од оваа парламентарна говорница, ние сме 800 илјади, ние сме милион, ние сме милион и 200 илјади, бараме национална рамноправност итн. пред се бројки заради проекции на интегрална албанска држава на Балканот, за некаква политичка територијална автономија Илирида, за федерализација на Македонија, за Македонија како мултиетничка мултиконфесионална и мултикултурна држава, Македонија со поделена сувереност меѓу два народа македонскиот и албанскиот, албанците со статус на народ итн. Пред се ако се пласираат тези да направиме полис да видиме кој ќе остане во малцинство, односно ако оној кој го блокирал пописот во 1991 година со сите искажани лаги и конструкции гради стратегија, новиот попис да послужи како основа за создавање на некаква албанска држава на Балканот. Некои рекоа нема врска пописот' да се сврзува со некаква интегрална албанска држава. Но за нечие потсетување и неколку цитати господинот Мерсим Положани даде една изјава цитирам. Автономијата на Република Илирида треба да ги опфаќа подрачјата во кој живеат албанците не само во Западна Македонија, завршен цитат. Соопштение на партијата НДП број 02031 цитирам. Албанскиот народ на Македонија и пошироко ќе се ангажира на интегрална албанска држава на Балканот.

IX/5.-

За тоа кој губи кој добива од тоа најмалку треба да биде загрижен албанскиот народ, завршен цитат. Став на управните одбори на ПДП и НДП 0203256/1 цитирам. Националната реалност во Македонија споредбено со националната реалност во Босна и Херцеговина и како резултат на оваа реалност за албанците во Македонија е прифатлив модел на Устав ка што е Уставот на Босна и Херцеговина, завршен цитат. Значи, првевасходно и најважно пребројување, етничко чистење и на крај сепаратни етнички држави таман по моделот на Босна. За мене е битно кои се забелешките на ПДП НДП за да евентуално се одржи пописот. Инаку не може да се гласа за закон кој воопшто нема да се спроведе.

Од со сегашните излагања произлегоа следните забелешки Како вкупно население да се сметаат сите лица кои ќе се затекнат на територијата на Македонија без оглед на причината на присуството. Второ, белегот вообичаен јазик да се избрише од пописните листи, Трето, задолжително да биде изјаснувањето по прашањето за националната припадност и вероисповест.

Четврто, да се попишат сите оние кои се чувствуваат за македонски државјани, независно од времето на нивниот престој во странство.

Петто, општинските пописни комисии да ги именуваат општинските собранија,

Шесто, општинските инструктори по пишување да ги именуваат општинските пописни комисии,

Седмо, да се исклучи надлежноста на пописот од Завод за статистика за сметка на некоја експертска група од странство

Осмо, проишувањето да се врши на мајчин јазик на лицет што се попишува,

IX/6.-

Деветто,попишувачите и контролорите документите за државјанство и изводот од Матична книга на родените, личната карта решението за статусот бегалец, тапијата за недвижен имот, што е утврдено во член 38 да може да ги побараат и тоа доколку лицето што е попишувано ги поседува. Доколку не ги поседува никому ништо.

Десетто, овие податоци да ги презентира само еден член на семејството, таткото или мајката, а што ќе се однесува за сите членови на семејството.

Единаесетто, прашалникот за лица, попосница, образец П-1 да се дава по еден примерок на секое лице што ќе се попише. Се на се парафразирано или Македонија ќе ги попише сите албанци во целиот свет, или попис во Македонија нема да се врши. Ќе додадам. Македонија има и кадар, ќе најде и средства да ги попише своите државјани и повторувам, само своите државјани, макар и сите албанци во целиот Свет, но си поставувам прашање ако Албанија останеше во сојуз со Кина, како албанската влада ќе ги попишеше сите кинези вон целиот Свет. Мене не ме чуди она како што дезинформација се класира од оваа говорница, за бројот на албнаците во Македонија како основна потреба да се спроведе нов попис. Имено, претседателот поранешен на ПДП сега почесен г-динот Невзат Халили на едно интервју на А-1 даде дека во Македонија има огромен број бегалци албанци од Косово и за тоа знае и претседателот Глигоров, а е договорено со г-динот Ругова. Ако се има предвид дека во демократскиот сојуз на Косово тврдат дека во изминатата година од Косово се иселени најмалку 400 илјади граѓани од албанска националност, ако се има предвид дека Европа ги врака албанците назад, транзит вија Скопје, прашање е може само да се претпостави каде се. Затоа луцидниот Веби Џемаили не ме изненадува зошто во Скопје ги пребројува 550 илјади и она што е основно, а пред се

на сите треба да им биде јасно пописот не е институт или инструмент за добивање на државјанство и средување на матичната евиденција, ако тој статус некој не го регулирал до сега, а има законска основа во поранешна СФРЈ тоа прашање да го регулира и во рамките на РМ. Сега некој се прави лојален државјанин, чека во редиците пред шалтери за добивање на државјанство, а 50 години како афтотонен народ тоа прашање во оваа правна држава не го регулирал. Лесно беше манипулирањето во 1981 година заради тоа што немаше тогаш матични броеви, во 1991 година се воведе матичниот број и нормално беше пописот да се бојкотира. Грешка е за мене лично за мене лично и зло на г-динот Фрчковски што непочитувајки ги досегашните прописи овој Парламент не го прифати законодавството кое владееше, државјанството да се утврдува од 6 април 1941 година. Сакам да укажам што треба да се преземе за да се спречат одредените употреби кои надлежните органи треба да ги преземат. Не само за овој попис, туку за било кој нареден.

Прво, да се оневозможи манипулацијата со матичните книги. Јас ќе кажам само неколку примери. Жена од Гостивар се пораѓа во болница во Тетово, добива матичен извод во Книгата на родените за своето новороденче, се враќа во Гостивар ја повикува бабицата да констатира дека се породила и да добие нов извод од Матична книга на родените. Едно дете две лица, со две имиња за да утре друг ден тој празен извод се пополни. Или едно лице три страни, на три места попишан. Или злоупотреба кај матичари каде што и како констатации се извршени. Една иста жена да се заведува дека пораѓа деца по три месеци. Предлагам исто така да се спречат разните мисари, оџи и инструктори од Косово како за време на пописот во 1991 година. Понатаму, да се спречат манипулациите со исламизираните македонци и разните

емисари кои принудуваат да се попише било како, а не како македонци. Бидејќи за некого етнонимот македонец на панисламските стремежи ги идентификуваат со христијанската религија каури, односно во Западниот дел на Македонија да се развива антимакедоснко расположение од исламско фундаменталистички политички позиции, се со цел етнонимот македонец што помалку да го има во Македонија за да Македонија пред ЌЕБС, ОН и други меѓународни форуми се претстави како немакедоснка земја. Нема потреба да се споменат кои партии во Македонија тоа го прават- Доволни е само да се потсетиме на изјавата на поранешниот, а сега почесен претседател на ПДП г-динот Невзат Халили од 15 август 1992 година. Цитирам. Во Македонија нема македонци тие можат да бидат само албанци, бугари, срби или грци. Завршен цитат. На крај ќе го цитирам само г-динот Шабан Превала, од третото продолжение на оваа 70-та седница од 27 јануари 1994 година. цитирам. Во 1981 година колку -толку имавме еден верифицитиран податок на кој што можеме да се базираме, завршен цитат. Албанците според заводот за статисти тогаш беа 377 илјади и 208. Текстот за мене лично задоволува доколку биде прифатен во предлог формата како што е дадена. Сите дополнувања и изменувања би го дерогирале текстот и би ме принудиле доколку стигне во поинаква форма да гласам против предлогот на законот. А текстот на предлогот на законот предлагам да ја опфати формулацијата попишувањето во Македонија да се изведе на службени јазик на државата, македонскиот јазик и неговото кирилично писмо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

**СТОЈАН АНДОВ**:(продолжение)

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата и службите да ми го дадат точниот број на присутните пратеници.

Констатирам дека во салата се присутни мнозинство пратеници.

На Собранието му го предлагам следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвои Предлогот за донесување на закон за попис на населението, домаќинствата и земјоделските стопанства во 1994 година.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има во предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, забелешките на пратеникот Џеладин Мурати, како и укажувањата во расправата на седницата на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со Извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Републичкиот завод за статистика.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (52 пратеника).

Дали некој е против?(1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласањето?(16 пратеници).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Само една напомена. Поради големиот интерес на граѓаните и на фирмите мислев сега да минеме на точка 19 - Намалување на царините на возилата, но предлагачот го нема овде. Тој закон го предложи г-динот Џеладин Мурати.

Ако може вака, ние да минеме на точката 2 на Предлогот за донесување на закон за царинска тарифа, а евентуално ако трае многу расправата, а г-динот Мурати дојде, за момент да прекинеме и да расправаме по точката 19, затоа што тој веднаш се применува, а овој е предлог за донесување, како што знаете во повеќе фази.

Минуваме на **точката 2** - Предлог за донесување на закон за царинска тарифа.

Предлагам по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?(47 пратеници)

Дали некој е против?(23 пратеници)

Дали некој се воздржува?(1 пратеник).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Нема претставник од Владата. Веднаш да се повика претставник на Владата.

Предлагам кратка пауза.

(По паузата)

По овие две точки што требаше да ги минеме, претставниците не се тука. Двата претставника треба вечер да дојдат од САД, г-динот Мурати утре ќе биде присутен. Ние очигледно не ќе можеме сега да продолжиме по овие точки. Да прекинеме, а утре да продолжиме со работа во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 16,20 часот).